РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2022 ГОДИНА

Скопје, јули 2023 година

**<u>СОДРЖИНА:</u>**

**А. Општ дел** ... 5
Вовед ... 7
I. Правна основа и надлежности ... 8
1. Уставна положба и законска рамка на Јавното обвинителство ... 8
2. Надлежност, задачи и обврски на јавното обвинителство и на јавните обвинители ... 10
II. Кадровска состојба и материјални услови за работа ... 12
1. Јавни обвинители ... 13
2. Јавнообвинителска служба ... 15
3. Просторни капацитети ... 17
4. Информатичка опрема ... 18
III. Буџет и јавни набавки ... 19
1. Реализација на годишен буџет на Јавното обвинителство во 2022 година ... 19
2. Спроведени постапки и реализирани договори за јавни набавки ... 25
IV. Јавност на работењето ... 27
1.Информирање на јавноста за работата ... 27
2. Соработка со новинарски здруженија ... 28
3. Меѓународна соработка за јакнење на транспарентноста ... 28
4. Оценка на јавноста ... 29
V. Слободен пристап до информации од јавен карактер ... 29
VI. Меѓуинституционална соработка ... 29
VII. Меѓународна соработка ... 31
1. Меморандуми и средби ... 31
2. Меѓународна правна помош и меѓународна соработка ... 32
3. Стручно усовршување и обуки ... 34
**Б. Анализа на постапки** ... 35
VIII. Збирни податоци за бројот и постапките по кривични предмети ... 36
1. Кривични дела извршени од полнолетни сторители ... 37
1.1. Постапување на основните јавни обвинителства ... 37
1.2. Подносители на кривични пријави ... 38
1.3. Постапување по кривични пријави ... 39
2. Кривични дела извршени од сторители - деца ... 42
2.1. Подготвителна постапка ... 43
3. Кривични дела извршени од непознати сторители ... 44
4. Постапување и преземени дејствија од јавните обвинителства по предметите ... 44
4.1. Барање за собирање податоци и потребни известувања ... 44
4.2. Истражни дејствија на јавниот обвинител во предистражна постапка ... 45
4.2.1. Примена на посебни истражни мерки ... 46
4.3. Резултати од истраги спроведени од јавните обвинителства/Одлуки по кривични пријави ... 47
4.3.1. Број и структура ... 47
4.3.2. Отфрлени кривични пријави ... 48
4.3.3. Донесени наредби за спроведување истражна постапка ... 51
4.3.4. Примена на мерката притвор ... 52
4.3.5. Одлуки по спроведена истрага ... 53
4.3.6. Предлог спогодби ... 54
4.3.7. Обвиненија ... 55
4.3.8. Одлуки на судот по поднесените обвиненија ... 56
4.3.9. Одземени предмети, конфискација на имот ... 57
5. Правни лекови ... 62
5.1. Редовен правен лек - жалба ... 62
5.2. Вонредни правни лекови ... 66
**В. Структура на криминалитетот** ... 69
IX. Структура на криминалитетот ... 70
**Г. Заклучок** ... 81

# А. ОПШТ ДЕЛ

## ВОВЕД

Согласно обврските од членот 54 од Законот за јавното обвинителство, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија ги сумираше податоците и изготви единствен годишен извештај за работата на сите јавни обвинителства во текот на 2022 година.

Овој Извештај се заснова на поединечните годишни извештаи на секое основно јавно обвинителство, на годишните извештаи на четирите виши јавни обвинителства и на годишниот извештај на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во извештајот е даден осврт на состојбите со кадровската состојба, буџетот и материјалните услови за работа на јавните обвинителства, како и заклучоци за активностите кои треба да се имаат предвид при распоредување на средствата во следниот период. Исто така, наведени се збирни податоци за бројот и видот на постапките по кривичните предмети во обвинителствата, структурата и тенденциите на криминалитетот, а во извештајот се опфатени и мерките за замрзнување и конфискација на имот.

Во текот на 2022 година, основните јавни обвинителства во државава постапуваа против вкупно **41.266 сторители на кривични дела,** од кои новопримени беа пријави против вкупно 27.845 сторители на кривични дела.

Споредбата на податоците покажува дека во извештајната година се регистрира извесно намалување на бројот на сторители на кривични дела во однос на претходните години, како во однос на полнолетните сторители, така и во однос на децата и на непознатите сторители на кривични дела.

Ова се должи најмногу на вонредно високиот прилив на предмети во претходните две години како резултат на кривичното дело – Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија. Прекинот на приливот на вакви предмети, резултираше со општ пад на бројката на новопримени кривични пријави. Од тие причини, најголем пад во бројот на новопримени кривични пријави се регистрира токму во кривичните дела против здравјето на луѓето. За сметка на тоа, одреден раст има во постапките кои се однесуваат на кривични дела против животот и телото и од областа на имотниот криминал. Во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција бројот на пријавени полнолетни сторители во 2022 година е зголемен за 11% во однос на 2021.

Со оглед на континуираниот пад и на бројот на јавни обвинители во изминатите години, вкупниот прилив на предмети во јавните обвинителства

воопшто не е за занемарување, односно во просек на годишно ниво секој јавен обвинител добил во работа по околу 170 нови предмети.

Ако се има предвид обемот на работа и интензитетот на истражни дејствија што се преземаат во секој предмет поединечно, мора да се истакне фактот дека и покрај ограничената кадровска екипираност, јавните обвинителства не само што го совладуваат приливот на нови предмети на годишно ниво, туку и го намалуваат бројот на нерешени предмети на крајот на годината.

Најголем предизвик во следниот период за Јавното обвинителство останува јакнењето на јавната доверба за што се преземаат интензивни активности на полето на зголемување на транспарентоста на постапките, меѓуинституционалната и на меѓународната соработка за зајакнување на капацитетите.

# I. ПРАВНА ОСНОВА И НАДЛЕЖНОСТИ

## 1. Уставна положба и законска рамка на Јавното обвинителство

Јавното обвинителство во Уставот на Република Северна Македонија и во Законот за јавното обвинителство е дефинирано како единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични и други казниви дела и врши други работи утврдени со закон.

Јавнообвинителската функција ја извршуваат Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и јавните обвинители. Согласно Законот за јавното обвинителство (Службен весник на РСМ бр.42/2020) јавното обвинителство е организирано според принципите на хиерархија и субординација и тоа како Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, четири виши јавни обвинителства, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и 22 основни јавни обвинителства, од кои 7 се со основна, а 15 со проширена надлежност.

Вишото јавно обвинителство Скопје е надлежно за 6 основни јавни обвинителства и тоа во Скопје, Куманово, Велес, Крива Паланка, Кавадарци и Гевгелија.

Вишото јавно обвинителство Битола е надлежно за 5 основни јавни обвинителства и тоа во Охрид, Прилеп, Битола, Ресен и Струга.

Вишото јавно обвинителство Штип е надлежно за 7 основни јавни обвинителства - Штип, Кочани, Струмица, Делчево, Свети Николе, Радовиш и Берово.

Вишо јавно овинителство Гостивар е надлежно за подрачјето на 4 основни јавни обвинителства и тоа во Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција надлежно е за целата територија на државата и е со седиште во Скопје, а постапува пред Основиот кривичен суд Скопје.



## 2. Надлежност, задачи и обврски на јавното обвинителство и на јавните обвинители

Во посебна глава (6) во Законот за јавното обвинителство се уредени надлежностите на јавното обвинителство и јавните обвинители. Според овој закон, Јавното обвинителство постапува во границите на својата стварна и месна надлежност - основните јавни обвинителства постапуваат пред основните судови, вишите јавни обвинителства пред апелационите судови, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапува пред основен суд со специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал, додека Јавното обвинителство на Република Северна Македонија постапува пред Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Јавните обвинители раководат со предистражната и истражната постапка, при што секојдневно се соочуваат со тешки, сложени и одговорни задачи. Основно право и должност на јавниот обвинител е да ги гони сторителите на кривични дела, при што јавниот обвинител ги има следните права и должности:

-ги насочува дејствијата на органите надлежни за откривање и пријавување на кривичните дела и на нивните сторители,

-предлага или издава наредба за преземање на посебни истражни мерки, под услови и на начин определени со закон,

-донесува наредба и спроведува истражна постапка,

-пронаоѓа, предлага и обезбедува докази, под услови и на начин определени со закон,

-предлага привремени мерки заради обезбедување на имот или предмети прибавени со кривично дело или заради извршување на мерката конфискација,

-одлучува за одлагање на кривичното гонење под услови и на начин определени со закон,

-предлага издавање на казнен налог под услови определени со закон,

-преговара и се спогодува со обвинетиот за признавање на вина, на начин и под услови определени со закон,

-поднесува и застапува обвиненија пред надлежен суд,

-поднесува жалби против неправосилни судски одлуки и вонредни правни лекови против правосилни судски одлуки,

-одлучува по жалба на оштетениот во случаи утврдени со закон, и

-презема и други дејствија утврдени со закон.

Согласно член 32 од Законот за Јавното обвинителство, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, како дел од единствената хиерархиска структура на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, има специфична надлежност да постапува:

- за кривични дела извршени од организирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да се изврши едно или повеќе кривични дела за кое е предвидена казна затвор од најмалку четири години,

-за кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција согласно членот 33 став (1) од Законот за јавното обвинителство. За овие кривични дела постапките ги води посебно Специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција. Ова Специјализирано одделение е надлежно да постапува за кривични дела кои се извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при вршење на службени должности и овластувања и кривични дела извршени надвор од службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено гонење по службена должност.

- за кривични дела Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори од чл.215 ст.3 кога се работи за меѓународна организирана група, Измама на штета на средства на Европската заедница од чл.249-а, Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273, Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 5, Примање поткуп од чл. 357 ст.5, Давање награда за противзаконито влијание од чл.358-а, Примање награда за противзаконито влијание од чл.359, Противправно стекнување и прикривање имот од чл.359-а, Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од чл.275-в, Злосторничко здружување од чл. 394 од Кривичниот законик,

-за кривични дела Давање лажен исказ од чл.367 ст.3 и 4, Спречување на докажување од чл.368, Попречување на правда од чл.368-а, Откривање на идентитет на загорзен или заштитен сведок од чл.369-а, Спречување службено лице во вршење службено дејствие од чл.382 од Кривичниот законик, ако овие дела се сторени во врска со постапки кои ги води Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција,

-за кривични дела Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313, Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации од чл.322-а, Здружување заради непријателска дејност од чл.324, Терористичка организација од чл. 394-а, Тероризам од чл. 394-б, Финансирање тероризам од чл.394-в, сите кривични дела против државата, Трговија со луѓе од чл. 418-а, Трговија со дете од чл. 418-г, за другите кривични

дела против човечноста и меѓународното право од глава 34 од Кривичниот законик, освен за кривичното дело Криумчарење мигранти од чл.418-б,

-за кривични дела од чл.218 Загадување на животната средина и природата, чл.218-а Производство, трговија или употреба на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка, чл.219 Загадување вода за пиење, чл.230 Загрозување на животната средина и природата со отпад, чл.231 Неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материи и чл.234 Тешки дела против животната средина и природата, од главата 22 Кривични дела против животната средина и природата од Кривичниот законик, доколку се сторени од организирана група, и

-за кривични дела од главата 24 - Кривични дела против културното наследство и природните реткости од Кривичниот законик, доколку се сторени од организирана група.

## II. КАДРОВСКА СОСТОЈБА И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

И покрај широките законски надлежности и обемот на предмети во работа, Јавното обвинителство во континуитет се соочува со недостаток на човечки ресурси: недоволен број на јавни обвинители и на јавнообвинителски службеници. Со обврската за задолжително пензионирање на возраст од 64 години и долготрајноста на постапките за регрутирање нови кадри тој недостаток уште повеќе се продлабочува и се заканува да предизвика дисконтинуитет во работата на одредени обвинителства.

Обвинителството во последните години се соочува со одлив на кадар и по различни други основи. Од тие причини, институцијата секојдневно вложува максимални напори за менаџирање со човечките ресурси, со цел успешно остварување на целите.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во својата анализа на капацитетите на јавното обвинителство, имајќи го предвид стапувањето во сила на Законот за кривична постапка, со кој беше предвидено проширување на надлежностите на јавниот обвинител во постапката, утврди дека е потребно дополнително зајакнување на капацитетите на јавните обвинителства со јавни обвинители, јавнообвинителска стручна служба и технички персонал.

Ова од причина што човечкиот потенцијал е од огромна важност за остварување на основните и стратешките цели на секоја институција, вклучувајќи го и Јавното обвинителство. Притоа, освен пополнување на испразнетите позиции, неопходни се и соодветни континуирани обуки, како и можности за доусовршување и кариерно напредување на постојниот кадар.

## 1. Јавни обвинители

Согласно Одлуката за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавните обвинители во јавните обвинителства, донесена од страна на Советот на јавни обвинители, предвидениот број на јавни обвинители треба да изнесува вкупно 262. Заклучно со крајот на 2022 година, пополнети се вкупно 174 места на јавни обвинители, односно обвинителството надлежностите ги извршува со 88 јавни обвинители помалку од предвидените.

Состојбата со пополнетите и непополнетите јавнообвинителски места согласно одлуката е следна:

| Обвинителство | Предвидени ЈО | Пополнети ЈО | Непотполнети ЈО |
|---|---|---|---|
| **Јавно обвинителство на Република Северна Македонија** | **15** | **12** | **3** |
| ***Виши јавни обвинителства*** | | | |
| ВЈО Скопје | **17** | **13** | **4** |
| ВЈО Битола | **8** | **3** | **5** |
| ВЈО Штип | **6** | **5** | **1** |
| ВЈО Гостивар | **8** | **5** | **3** |
| **ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција Скопје** | **18** | **11** | **7** |
| ***Јавни обвинителства со проширена надлежност*** | | | |
| ОЈО Скопје | **67** | **57** | **10** |
| ОЈО Велес | **9** | **6** | **3** |
| ОЈО Куманово | **14** | **10** | **4** |
| ОЈО Битола | **9** | **5** | **4** |
| ОЈО Прилеп | **8** | **2** | **6** |
| ОЈО Охрид | **8** | **4** | **4** |
| ОЈО Струга | **5** | **4** | **1** |
| ОЈО Штип | **6** | **5** | **1** |
| ОЈО Струмица | **9** | **7** | **2** |
| ОЈО Кочани | **6** | **3** | **3** |
| ОЈО Тетово | **10** | **3** | **7** |
| ОЈО Кавадарци | **5** | **4** | **1** |
| ОЈО Кичево | **5** | **2** | **3** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ОЈО Гевгелија | **4** | **1** | **3** |
| ОЈО Гостивар | **9** | **6** | **3** |
| ***Јавни обвинителства со основна надлежност*** | | | |
| ОЈО Крива Паланка | **3** | **0** | **3** |
| ОЈО Ресен | **2** | **1** | **1** |
| ОЈО Делчево | **2** | **0** | **2** |
| ОЈО Берово | **3** | **1** | **2** |
| ОЈО Радовиш | **2** | **2** | **0** |
| ОЈО Свети Николе | **2** | **0** | **2** |
| ОЈО Дебар | **2** | **2** | **0** |
| **ВКУПНО** | **262** | **174** | **88** |

*Табела II.1.1 Бројна состојба на предвидени и пополнети јавнообвинителски места по обвинителства*

Во извештајната година, Советот распиша и објави 7 огласи. На овие огласи избрани се 26 јавни обвинители и тоа: 2 јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 4 виши јавни обвинители во вишите јавни обвинителства, 1 јавен обвинител во вишо јавно обвинителство, 13 основни јавни обвинители на основните јавни обвинителства и 6 јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје. Притоа, ваквиот избор не значи зголемување на бројката на активни обвинители, бидејќи не се однесува на нови јавни обвинители, туку станува збор за избор на постојни јавни обвинители на нови позиции во рамките на јавното обвинителство.

Во исто време, во 2022 година, Советот разреши 16 јавни обвинители поради исполнување на условите за старосна пензија, а еден јавен обвинител беше разрешен по спроведена дисциплинска постапка.

Иако планирањето на бројот на јавните обвинители пред се е во надлежност на Советот на јавните обвинители, Јавното обвинителство има обврска да укаже дека, евидентно и од приложената Табела II.1.1, голем е бројот на основни јавни обвинителства во кои воопшто нема јавни обвинители или во кои бројот на јавни обвинители е мал во однос на подрачјето кое го покриваат (ОЈО Делчево, ОЈО Крива Паланка, ОЈО Свети Николе, ОЈО Гевгелија, ОЈО Ресен, ОЈО Прилеп, ОЈО Кичево и др.)

## 2. Јавнообвинителска служба

Правата, должностите и одговорностите на лицата вработени во јавните обвинителства за вршење на стручни работи се уредени во посебен Закон за јавнообвинителска служба (Службен весник на Република Македонија бр.62/2015).

По стапување на сила на постојниот Закон за јавнообвинителска служба, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија донесе Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места во јавното обвинителство, со кој врз донесена претходна Методологија за видот и бројот на вработените, практично се имплементираа одредбите од законот. Бројот на работните места во јавното обвинителство согласно Правилникот е утврден на 1.126, од кои 197 се раководни јавнообвинителски службеници, 21 се јавнообвинителски советници, 34 се виши јавнообвинитески советници, 65 се виши стручни јавнообвинителски службеници, 93 стручни јавнообвинителски соработници, 5 соработници во истражен центар и 60 помлади јавнообвинитеслки соработници, кои спаѓаат во таканаречената група на јавнообвинителски помошници. Во состав на јавнообвинителската служба е и другата администрација, која извршува административни, технички, извршни, статистичко - аналитички, материјално-финансиски, информатички и други работи согласно со закон, чија бројка е утврдена на 33 советници, 40 соработници и 9 помлади соработници. Во Правилникот се утврдени и лица кои извршуваат помошно-стручни работи и тоа 258 самостојни референти, 33 виши референти, 109 референти и 80 помлади референти, како и вкупно 89 вработени кои вршат различни помошно технички работи.

Меѓутоа, и натаму пополнетоста генерално на сите профили на службата согласно вака предвидената систематизација е на многу ниско ниво, односно од вкупно предвидените 1.126, пополнети се само 385 работни места.

Во текот на 2022 година, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија распиша јавен оглас за вработување на 14 јавнообвинителски службеници, а притоа пополнети беа 8 места за јавнообвинителски службеници.

За илустрација, од предвидени 197 раководни јавнообвинителски службеници пополнети се само 9 позиции. Вака високо изразена разлика во поглед на предвидените и пополнетите работни места постои кај сите видови работни места, со што се доведува во прашање и успешноста на извршувањето на јавнообвинителската функција.




*II.2.1 Графички приказ – предвидени и пополнети работни места на јавнообвинителски стручни службениии*




*II.2.2 Графички приказ – предвидени и пополнети работни места на други јавнообвинителски службеници*




*II.2.3 Графички приказ – предвидени и пополнети работни места на помошно-технички персонал*

Во врска со состојбата со човечки ресурси, постои недостаток, а истовремено и неопходност од лица во сите 28 единки на јавното обвинителство.

Особено евидентен е недостатокот од кадар од областа на информатичко-комуникациските технологии. Ова дотолку повеќе што постојано се појавуваат потреби за вклучување нови софтверски решенија и сложени системи кои треба да овозможат електронско управување со предметите и меѓуинституционална интероперабилност. На ниво на сите јавни обвинителства во 2022 година беа пополнети вкупно само 6 работни места за ИТ кадар, што ни оддалеку не ги задоволува потребите на јавните обвинителства за ваков кадар кој е неопходен и за одржување на системот за електронско управување со предметите, но и за непречено функционирање на опремата во истражните центри. Дополнителен проблем претставува слабиот интерес за аплицирање за овие позиции на објавените огласи за вработување во јавните обвинителства.

Со оглед на обврските кои произлегуваат од примената на Законот за употреба на јазиците, Јавното обвинителство има потреба и од преведувачи, кои исто така не може да ги обезбеди заради слабиот интерес за пријавување за овие работни места на објавените огласи.

Исто така, со донесување на Законот за јавнообвинителска служба, беше предвидено работно место секретар во јавно обвинителство, меѓутоа од планираните 14 работни места на оваа позиција не е пополнето ниту едно.

Со јавнообвинителската служба раководи Генералниот секретар во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

## 3. Просторни капацитети

Со цел обезбедување на соодветен простор за сместување на обвинителствата за кои тоа беше најпотребно, во извештајната 2022 година се изврши реконструкција и адаптација на локации каде дотогаш без сместени, односно се утврдија, доопремија и преадаптираа нови објекти или делови на објекти за вкупно 12 основни јавни обвинителства.

Сепак, повеќе обвинителства и натаму се сместени во судските згради. Состојбата со просторните капацитети е од особена важност и значење за успешно работење на јавните обвинителства, па од тие причини неопходно е и во натамошниот период да се подобруваат просторните услови. Проблемот од недостаток на простор најизразен е во основните јавни обвинителства во Тетово, Гостивар, Кичево и Ресен.

На Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција со Одлука на Владата на Република Северна Македонија му беше доделен на трајно користење дел од зградата во која порано беше сместен поранешниот Државен архив на Република Македонија, а во која во еден дел е сместен и Институтот за национална историја на Република Северна Македонија. Кон крајот на 2022 година беа спроведени активности за обезбедување на потребната документација за спроведување на јавна набавка за дополнителни градежни активности кои се неопходни за непречено преселување на обвинителствотот во новите простории.

Имајќи ја во вид обврската и заложбата за соодветно сместување и опремување на јавните обвинителства, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Вишото јавно обвинителство Скопје и Основното јавно обвинителство Скопје се сместени во објектот на Кеј Димитар Влахов бр. 23, Скопје на 10 ката со стаклена фасада и вкупна површина од околу 11.000 м2. Објектот располага со вградена опрема и инсталации за кои гарантниот рок истече во 2015 година и со дополнително набавен мебел и опрема, па неопходни се зголемени средства за одржување на објектот.

Обврската на органите одговорно да стопанисуваат со објектите во кои се сместени и да се грижат за континуирано одржување на тие објекти и кај јавното обвинителство наметнува дополнителна потреба од наменски средства за:

- тековно одржување на градежните објекти, вградената и останата опрема, инсталациите и возниот парк;
- осигурување на недвижности, опрема и возила;
- зголемени износи на комунални услуги; и
- одржување на градежни објекти.

**4. Информатичка опрема**

Од буџетски пари, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во извештајната година обезбеди промена на серверските машини, но потребно е да се заокружи целиот хардверски процес со набавка на систем за складирање на податоци со цел комплетното хардверско решение да обезбеди динамична платформа со квалитативни податочни услуги, перформанси и ефикасност.

Како информатичка опрема за тековно работење, Јавното обвинителство поседува околу 200 десктоп компјутери кои моментално се постари од 10 години и со оперативен систем за кој вендорот веќе не дава поддршка. Од тие причини неминовно се појавува потреба за промена на ваквата застарена опрема што во

следниот период ќе предизвикува дополнителни финансиски импликации.

Јавното обвинителство веќе врши детална анализа и планирање, согласно кое секоја година треба да се менува до 25% од информатичката опрема која застарува. Воедно овие машини паралелно треба да бидат и поддржани и со периферна опрема (принтери и брзи скенери).

Исто така, постојниот систем за електронско управување со предметите (Case-management system) е веќе застарен и нефункционален, односно не ги задоволува потребите на јавнообвинителското постапување. Преку овој систем треба да биде овозможена и интерконективност со судовите и интероперабилноста со другите институции со цел размена на документи, односно дигитализирање на работните процеси на повисоко ниво, што со постојниот систем не е постигнато.

## III. БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ

### 1. Реализација на годишен буџет на Јавното обвинителство во 2022 година

Согласно одредбите на Законот за јавното обвинителство, средствата за работа на јавните обвинителства се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, во делот издвоен за буџетскиот корисник - Јавно обвинителство на Република Северна Македонија со буџетски раздел 31010.

Ова значи дека сите Виши и Основни јавни обвинителства, како и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се финансираат преку Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и тоа од програмата 2 – Јавно овинителство, потпрограми 20 – Јавно обвинителство , 2А – Имплементација на ЗКП и 22- Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Буџетските плански проекции за потреби од средства за 2022 година, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија ги изрази во текот на 2021 година како единствена буџетска пресметка, изработена врз основа на пресметките доставени од Основните јавни обвинителства, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Вишите јавни обвинителства и планските проекции на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Единствената буџетска пресметка која се однесува на сите единки корисници - јавните обвинителства како и образложението за висината и намената на бараните износи, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија ги достави до Министерството за финансии, во согласност со одредбите на Законот за буџетите.

Иако буџетот се проектира согласно потребите на секое јавно обвинителство - единка корисник, поодделно, континуирано се јавува несогласување помеѓу проекциите и одобрените наменски средства.

Почнувајќи од 2014 година, и покрај искористувањето на сите законски механизми (дозволени прераспределби во рамките на одобрениот буџет за соодветните години за Јавното обвинителство во максимален износ од 20% на соодветна расходна ставка), одобрениот износ на наменски буџетски средства континуирано не ги задоволува потребите. Оттука и за фискалната 2022 година Јавното обвинителство на Република Северна Македонија се соочи со истиот проблем – недостиг на средства, со што се доведува во прашање вршењето на функцијата на јавното обвинителство утврдена со Уставот и законите.

Тука особено треба да се нагласи зголемената потреба од наменски средства која произлегува од преминувањето на истрагата во надлежност на јавниот обвинител од декември 2013 година, а пред се во смисла на потребни средства за преземени дејства во врска со истрагата, односно средства потребни за алиментирање на трошоците сторени во кривичната постапка кои се обезбедуваат во рамки на расходната категорија 42 - стоки и услуги, расходна ставка 425 - договорни услуги. Во прилог на наведеното говори и фактот дека по истекот на секоја година и покрај максималните напори за обезбедување и дообезбедување наменски буџетски средства, кај јавните обвинителства се јавуваат преземени, а неисплатени обврски во вкупен износ од околу 30.000.000,00 денари утврден по изготвувањето на Консолидираната годишна сметка, чиј законски рок за доставување до надлежните инстанци во согласност со одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници е 31.03. во тековната за претходната фискална година.

Имено, за алиментирање на трошоците сторени во кривичната постапка на годишно ниво се потребни околу 100.000.000,00 ден. до 150.000.000,00 ден., средства кои постојано недостасуваат. По имплементацијата на последните измени и дополнувања на буџетот за буџетскиот корисник во 2022 година, средствата за оваа намена изнесуваа вкупно 97.948.138,00 ден.

Доколку на ова се додаде и фактот дека секоја наредна година овој недостаток на средства се зголемува поради долгот пренесен од претходните години, повеќе од очигледно е дека се доведува во прашање вршењето на функцијата на Јавното обвинителство утврдена со Уставот и законите.

Преземањето на истрагата во надлежност на Јавното обвинителство, односно преземањето на дејствија во врска со истрагата, недвосмислено директно се рефлектира и на другите сегменти од работењето на Јавното обвинителство, предизвикувајќи зголемување на потребите од средства и

нужноста за одржување на континуитет во нивното обезбедување, а во поглед на:

- зајакнување на кадровските капацитети, како во поглед на потребата од зголемување на бројот и избор на нови јавни обвинители и потребата од нови вработувања, така и од аспект на континуирани обуки на јавните обвинители и јавнообвинителските службеници;
- материјалните средства за тековно работење, односно стоки и услуги;
- обезбедување на соодветен простор за сместување на јавните обвинителства;
- соодветно опремување на јавните обвинителства со потребниот мебел; информатичка опрема и инфраструктура; софтверски решенија; возила кои одговараат на потребите на јавното обвинителство, особено за извршувањето на задачите на дежурниот јавен обвинител и на истражителите, со што ќе се овозможи непречено вршење на јавнообвинителската дејност како од фунционален, така и од безбедносен аспект.

Исто така, со оглед на преземените обврски со потпишани меморандуми за меѓународна соработка и меѓународна правна помош, како и формирањето на заеднички истражни тимови со обвинителства од други држави, потребни се повеќе финансиски средства за успешно преземање на дејствијата во случаите кога кривичното дело е извршено на подрачјата на повеќе држави. Освен ова, во рамките на реализацијата на отпочнатиот скрининг за преговарачкиот процес со Европската унија за Поглавјата 23 и 24, Јавното обвинителство има потреба од зголемени средства за овие намени. Дополнително, се јавува потреба и за зголемување на трошоците за активности за јакнење на транспарентноста на Јавното обвинителство со цел зголемување на јавната доверба во институцијата.

Меѓутоа, и покрај бројните потреби за финансирање, бараниот буџет во Буџетскиот циркулар за буџетскиот корисник Јавно обвинителство на Република Северна Македонија за 2022 година не соодветствува ниту со одобрениот буџет на почетокот на годината, а уште помалку со одобрениот буџет со кој е завршена годината.

Од вкупно одобрениот износ од 662.332.000,00 ден. на почетокот на годината, одобрениот износ на буџетот за Јавно обвинителство на Република Северна Македонија на крајот на 2022 година изнесува 607.132.000,00 ден., односно -8,33 % или намалување за 55.200.000,00 ден.

Во извештајната 2022 година се потрошени вкупно 580.131.276,00 ден., кои сумирани по расходни ставки се потрошени за:

| Опис на деловите на буџетот | Број на ставка | Расходи за 2022 година |
|---|---|---|
| Плати | 401 | 280.235.791 ден. |
| Придонеси | 402 | 108.703.393 ден. |
| Надоместоци | 404 | 6.441.200 ден. |
| **ВКУПНО** | **40** | **395.380.384 ден.** |
| Службени патувања | 420 | 1.081.702 ден. |
| Комуналии | 421 | 35.417.721 ден. |
| Материјали | 423 | 7.311.567 ден. |
| Поправки | 424 | 14.229.205 ден. |
| ЗКП | 425 | 107.365.091 ден. |
| Тековни расходи | 426 | 1.366.648 ден. |
| **ВКУПНО** | **42** | **166.771.934 ден.** |
| Отпремнини | 464 | 4.373.699 ден. |
| Судски спорови | 465 | 3.219.340 ден. |
| **ВКУПНО** | **46** | **7.593.039 ден.** |
| Купување на опрема и машини | 480 | 10.301.649 ден. |
| Градежни објекти | 481 | 54.280 ден. |
| Купување на мебел | 483 | 0 ден. |
| Вложувања и нефинансиски с/ва | 485 | 0 ден. |
| Купување на возила | 486 | 0 ден. |
| **ВКУПНО** | **48** | **10.355.929 ден.** |
| Останати расходи | | **29.990 ден.** |
| **Вкупно расходи за Јавно обвинителство** | **40-42-46-48** | **580.131.276 ден.** |

Од анализата на расходите е евидентно дека најголем процент на расходи се трошоците за исплатата на плати и надоместоци од плати, а по нив се трошоците поврзани со тошоците за ЗКП. Евидентно е дека од вкупно одобрениот износ се реализирани средствата во 95,55% и овој процент би бил уште поголем доколку ја изоставиме програма 22, Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и чија реализација изнесува 90,96 %.

Овие податоци, покрај оние изразени во годишните сметки на единките корисници кои ги доставија до буџетскиот корисник со цел изготвување на консолидираната годишна сметка согласно закон, се базираат и на основа на спецификациите на расходи за период од 01.01. до 31.12.20221 година прибавени како електронски записи од веб страната на Министерството за финансии во рамките на кои се имплементирани сите измени на буџетот од првоодобрениот. Овде се опфатени на сите измени предизвикани од акти донесени од страна на надлежните институции во РСМ, но и оние кои се должат на одобрените барања за прераспределби за обезбедување на потребни наменски буџетски средства доставени од страна на самиот буџетски корисник врз основа на чл. 33 од Законот за буџетите и неговите измени и дополнувања.

Врз основа на претходните наводи, графичките прикази на движењето на буџетските средства по програми, расходни категории и обвинителства се:




*III.1.1 Графички приказ – одобрен Буџет за 2022 година според процентуална застапеност на потпрограмите*

| | ОБВИНИТЕЛСТВО | % ЗАСТАПЕНОСТ ВО БУЏЕТ |
|---|---|---|
| 1 | Јавно Обвинителство на РСМ | 16,95 |
| 2 | ВЈО Битола | 2,07 |
| 3 | ВЈО Скопје | 4,27 |
| 4 | ВЈО Штип | 1,94 |
| 5 | ОЈО Берово | 0,34 |
| 6 | ОЈО Битола | 3,43 |
| 7 | ОЈО Гевгелија | 1,27 |
| 8 | ОЈО Гостивар | 3,62 |
| 9 | ОЈО Дебар | 0,84 |
| 10 | ОЈО Делчево | 0,46 |
| 11 | ОЈО Кавадарци | 2,87 |
| 12 | ОЈО Кичево | 1,95 |
| 13 | ОЈО Кочани | 2,27 |
| 14 | ОЈО Крива Паланка | 0,41 |
| 15 | ОЈО Куманово | 4,72 |
| 16 | ОЈО Охрид | 3,42 |
| 17 | ОЈО Прилеп | 2,38 |
| 18 | ОЈО Радовиш | 0,63 |
| 19 | ОЈО Ресен | 0,53 |
| 20 | ОЈО Св.Николе | 0,34 |
| 21 | ОЈО Скопје | 23,08 |
| 22 | ОЈО Струга | 1,97 |
| 23 | ОЈО Струмица | 2,96 |
| 24 | ОЈО Тетово | 3,63 |
| 25 | ОЈО Велес | 3,47 |
| 26 | ОЈО Штип | 2,17 |
| 27 | ОЈОза ГОКК | 8,80 |
| 28 | ВЈО Гостивар | 2,22 |

*III.1.2 Табела – Процентуално учество на наменски буџетски средства трансферирани на сметките на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија како корисник од второ ниво, сите Виши, Основни јавни обвинителства и на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал*

Од почетокот на 2021 година, а согласно чл. 100 ст. (3) и чл. 102 ст (1) од Законот за Јавното обвинителство, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и покрај тоа што остана единка корисник во рамките на буџетскиот корисник Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, во вкупниот буџет за буџетскиот корисник учествува со средства позиционирани на посебна потпрограма - 22, а чиј износ го предлага ова јавно обвинителство во рамките на буџетскиот циркулар.

На ниво на Јавно обвинителство, како и во претходните години, бараните буџетски средства за 2022 година беа одобрени во износ кој едвај надминува половина од потребите за нормално, непречено и навремено вршење на јавнообвинителската функција, а до крајот на фискалната година овој износ беше дури и помал од 50% во однос на бараниот.

Тука е потребно да се потенцира и околноста дека земајќи го предвид законското право за исплата на додатоци на плата за работење во посебни услови за работа, висок ризик и доверливост, предвидено во Законот за изменување и дополнување на законот за јавнообвинителската служба (Службен весник на РМ бр. 231/15) и Законот за изменување и дополнување на законот за плати на јавните обвинители (Службен весник на РМ бр. 231/15), во кои закони е определено правото за исплата на овие додатоци во рамките на платата како дел од основната плата, кумулативно до 35%, со обезбедената маса наменски буџетски средства, Јавното обвинителство не е во можност да го исплати максималниот износ на додатоците предвиден со законот. Ова натаму има за последица приватни тужби пред надлежен суд, кои по судската разрешница и носење правосилна пресуда се одразуваат со исплата на неисплатените додатоци на тужителите до максималните, но и пресметка и исплата на законска казнена камата, подмирување на судските трошоци, како и трошоците на извршување.

## 2. Спроведени постапки и реализирани договори за јавни набавки

Освен кај набавките кај кои е предвидена испорака на услуги на месечно ниво, а кои главно се однесуваат на услугите за одржување на системите вградени и поставени во објектот на Кеј Димитар Влахов бр. 23 Скопје, како и набавките за стоки и услуги за комуналии, комуникација и транспорт, особено набавката на електрична енергија и други комунални услуги, телефонија, поштенски услуги и други услуги за комуникација, најголемиот дел од останатите склучени Договори по спроведени јавни набавки се реализирани во целост.

Потребно е да се истакне и фактот дека иако во ситуации кога преку ИПА и други фондови како донација на трајно користење се доделува опрема и софтвери за следење предмети, интероперабилност и за друга намена, по истекот на гарантниот рок, до Јавното обвинителство не се доставува сметководствената

документација за вредноста на набавката, па износот на средства потребен за одржување на опремата, односно нефинансиските вложувања/софтверите е невозможно да се предвиди во рокот предвиден за достава на буџетското барање за следната година.

На пример, од искуство, одржувањето само на една софтверска апликација чини околу 6.000.000,00 ден. или околу 100.000 ЕУР на годишно ниво, што предизвикува сериозни финансиски импликации кои навреме не можат да бидат предвидени. Ова и во фискалната 2022 година, во годините што претходеа, а и во годините што следат претставува само еден од финансиските проблеми со кои се соочува Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Од втората на 2022 година, посебен предизвик во планирањето на набавките и расходите претставуваат финансиските импликации од набавката на електрична енергија, но и трошоците за другите комуналии. Имено, иако Јавното обвинителство, како општествено одговорна институција, во целост ги почитуваше препораките и мерките за штедење на електрична енергија во време на енергетска криза и успеа потрошувачката видно да ја намали, сепак со оглед на растечката цена на овој енергенс, трошоците за оваа намена драстично се зголемија. Така, во последниот квартал од 2022 година во однос на истиот период од 2021 година, во услови на намалена потрошувачка по киловатчасови, трошоците за струја само за зградата на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија се зголемени за околу 2,5 пати.

| | **2021** | **2022** |
|---|---|---|
| **Октомври** | 249.754 денари | 537.940 денари |
| **Ноември** | 242.433 денари | 580.668 денари |
| **Декември** | 259.521 денари | 683.960 денари |
| **ВКУПНО** | 751.708 денари | 1.802.568 денари |

*Табела III.2 Раст на трошоците за електрична енергија за зградата на ЈОРСМ од последниот квартал 2022 во однос на истиот период во 2021 година*

Дополнително, почнувајќи од извештајната 2022 година, променет е претходниот став согласно кој трошоците за комуналии за јавните обвинителства во државата кои се сместени во судски згради паѓаа на товар на судскиот буџет и судовите започнаа да префактурираат дел од трошоците за комуналии на јавните обвинителства. Така, на товар на буџетот на Јавното обвинителство во еден момент се префрлија трошоците за комуналии од сите јавни обвинителства во државата, повлекувајќи голем дел од планираните средства за оваа намена.

Притоа, одобрениот буџет во ниту еден момент не го следи ваквиот раст на трошоците.  Како поткрепа на наведеното оди во прилог и фактот дека согласно чл. 101 од Законот за јавното обвинителство, буџетот за буџетскиот корисник - Јавно обвинителство на РСМ треба да изнесува 0,4% од државниот буџет за тековната година. Но, и покрај буџетското барање кое беше доставено како конечно до Министерството за финансии и пред донесување на овој закон, а чиј износ се вклопува во законски утврдениот процент, одобрениот буџет за 2022 година повторно изнесува околу половина од барањето, односно 0,22% од вкупниот државен буџет.

## IV. ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО

Во текот на 2022 година Јавното обвинителство продолжи да ги зајакнува механизмите за транспарентност и отчетност на работата. Комуникацијата со медиумите беше редовна и на дневна основа, преку објава на соопштенија за постапките кои се водат во јавните обвинителства, а кои се од интерес на јавноста, но и преку одговори на новинарски прашања.

### 1. Информирање на јавноста за работата

Вкупниот број на објавени соопштенија кои се однесуваат на предмети во кои постапуваат јавните обвинителства и други настани изнесува 337, од кои согласно обемот на работа, најголем дел се однесуваат на предмети од Основното јавно обвинителство Скопје (95 објавени соопштенија), додека Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на 2022 година објави вкупно 43 соопштенија. Како тренд во вкупниот број на објавени информации за јавноста се забележува зголемување на процентот на објавени соопштенија од другите обвинителства низ државата, што повторно ја потврдува континуираната заложба на јавните обвинителства да ја информираат јавноста за своето работење.

Преку електронската пошта на Службата за односи со јавноста на Јавното обвинителство во текот на 2022 година беа одговорени 758 сетови на новинарски прашања.

| I квартал 2022 | II квартал 2022 | III квартал 2022 | IV квартал 2022 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 216 | 211 | 192 | 139 | 758 |

*Табела IV.1 Преглед на поставени новинарски прашања на електронска пошта по квартали*

Дополнително, Службата за односи со јавноста одговара на прашањата поставени од новинарите и телефонски, преку СМС пораки и други електронски форми на комуникација. Одговорени се преку 93% од сите поставени прашања, а другите новинари се известени зошто не може да им се обезбеди одговор во конкретниот момент или за конкретниот предмет. Одговор се доставува до новинарите најчесто веднаш или во најкраток можен рок.

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и повеќе други јавни обвинители преку изјави за медиумите и интервјуа ја информираа јавноста за тековните состојби во обвинителството и за постапувањето во определени конкретни предмети. Основното јавно обвинителство Скопје воведе пракса за одржување редовни брифинзи со новинарите. Освен ова, надлежни јавни обвинители во текот на годината одржаа повеќе средби со новинари кои работеа на конкретни теми со цел детално информирање за постапувањето по конкретни предмети. Јавниот обвинител на Република Северна Македонија во текот на 2022 година имаше повеќе интервјуа на печатени и електронски медиуми, а интервјуа имаа и Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје, Основниот јавен обвинител на ОЈО Скопје, како и надлежни јавни обвинители за конкретни предмети. Вкупно беа реализирани 20-тина интервјуа на јавни обвинители на медиумите.

### 2. Соработка со новинарски здруженија

Во текот на 2022 година, Јавното обвинителство интензивно работеше на унапредување на соработката со Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) и други здруженија. ОЈО Скопје на 04.10.2022 година назначи јавен обвинител за контакт во врска со предметите поврзани со безбедноста на новинарите кои се во надлежност на ова обвинителство. Назначувањето на јавен обвинител како контакт лице во врска со предметите поврзани со безбедноста на новинарите беше позитивно оценето и од новинарските здруженија и од новинарите, но и од меѓународните организации. Во иднина, врз основа на искуството на ОЈО Скопје, се разгледува можноста вакви контакт лица да се назначат и во други обвинителства во кои бројот на активни предмети за безбедност на новинарите е поголем.

### 3. Меѓународна соработка за јакнење на транспарентноста

Во текот на 2022 година Службата за односи со јавноста на ЈОРСМ оствари контакти со службите за односи со јавноста на неколку земји во регионот. На иницијатива на соодветната служба во црногорското државно јавно обвинителство, се работеше на подготовка за потпишување на меморандум за соработка во областа н односите со јавноста меѓу јавните обвинителства,

во која беа вклучени службите за односи со јавноста од обвинителствата на Северна Македонија, Србија, Црна и Гора, Босна и Херцеговина (сите ентитети), Албанија и Словенија.

### 4. Оценка на јавноста

И покрај тоа што буџетските средства што ги добива за оваа намена се речиси занемарливи, Јавното обвинителство во континуитет презема чекори за јакнење на транспарентноста и јавната доверба. Во истражувањата на независни организации, како што е последната студија на ставовите и перцепциите на новинарите во поглед на транспарентноста на правосудните институции, изготвена од Здружението на новинари и организацијата Free Press Unlimited, Јавното обвинителство котира најдобро во поглед на транспарентноста во однос на другите правосудни институции. Имено, 18% од новинарите одговориле дека јавните обвинители им биле секогаш или често достапни за информација, додека кај судиите овој процент изнесува 7%, кај членовите на судскиот совет 6%, а кај членовите на Советот на јавните обвинители – 4%. Веб страницата на јавното обвинителство одговориле дека секогаш или често ја користат 48% од новинарите, а веб страницата на судот – 38%.

## V. СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во 2022 година примени се 8 барања на кои е позитивно одговорено. Одбиени, отфрлени или неодговорени барања нема, не е вложена жалба од која било причина, ниту се донесени одлуки од страна на Агенцијата во оваа насока.

## VI. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

Поаѓајќи од уставната и законската поставеност како единствен самостоен орган кој ги гони сторителите на кривични дела, Јавното обвинителство постојано ја развива соработката со институциите и органите со кои е делотворна континуирана размена на информации заради обезбедување ефикасност на кривичниот прогон. Јавното обвинителство ја јакне соработката и со образовните институции кои имаат наставни програми од областа на правото и во кои се подготвуваат идните генерации правници.

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија на 21 јануари 2022 година оствари средба со Министерот за правда на Република Северна

Македонија на која се разговараше за измената на повеќе закони кои во претстојниот период треба да овозможат непречено функционирање на работата на јавните обвинителства како и неопходноста од кадровска доекипираност и финансиска независност на јавното обвинителство за зајакнување на внатрешните контролни механизми и донесените правилници за работа на јавните обвинители.

На 10 март 2022 година Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и Главниот државен ревизор потпишаа меморандум за зајакнување на меѓуинституционалната комуникација на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија. Целта на потпишувањето на документот е подобрување на квалитетот и начинот на меѓусебната соработка и комуникација заради навремено, целисходно и ефикасно постапување по утврдените состојби во конечните ревизорски извештаи. По потпишувањето и со почетокот на реализацијата на меморандумот, евидентно е олеснето постапувањето на јавните обвинителства по ревизорските извештаи, а Државниот завод за ревизија по поднесено барање добива информации за текот на поведените постапки.

Во текот на 2022 година беше предложена и иницијатива за потпишување меморандум за соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата. ДКСК до Јавното обвинителство во извештајната година достави вкупно 12 иницијативи за кривична постапка. Сите тие се примени, по нив е оформен предмет или се приклучени кон постоечки предмет во Јавното обвинителство. По дел од поднесените иницијативи до крајот на 2022 година беше спроведена постапка и се донесени одлуки, додека за останатите постапката е во тек.

На 10 март 2022 година Јавниот обвинител на Република Северна Македонија заедно со Министрите за правда и за внатрешни работи, Претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата, Агенцијата за цивилно воздухопловство М- НАВ, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Централниот регистар, Царинската управа и Државната изборна комисија потпишаа Договор за интероперабилност и воспоставување на платформа за интероперабилност која овозможува електронска размена на податоци и документи меѓу институциите на стандардизиран, безбеден и унифициран начин.

На 31 март 2022 година како дел од одбележувањето на Денот на Македонското правосудство Јавниот обвинител на Република Северна Македонија оствари средба со учениците од Средното економско-правно училиште „Арсениј Јовков“ од Скопје кои ја посетуваат практичната обука во Јавното обвинителство при што на учениците во разговор им беше појаснета улогата на Јавното обвинителство во правниот систем и потребното образование

кое треба да го стекнат оние кои во иднина ја гледаат својата кариера како дел од обвинителството.

На 11 мај 2022 година, на свеченоста по повод Приемот на новата генерација слушатели на Академијата за судии и јавни обвинители Јавниот обвинител на Република Северна Македонија се обрати на свечената церемонија по повод приемот на осмата генерација кандидати на почетната обука на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев".

На 16 септември 2022 година, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија се обрати на тркалезна маса „Превенција и следење на корупцијата во судството" во организација на Судскиот совет на Република Северна Македонија, на која се разговараше за Програмата со акциски план за следење и превенција на корупцијата во судството што ја изготви Судскиот совет во рамките на Проектот „Зајакнување на ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на Судскиот совет во Северна Македонија" финансиран од Кралството Холандија.

## VII. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Јакнењето на меѓународната соработка на Јавното обвинителство овозможува зголемена меѓународна институционална видливост, но во исто време е исклучително важен сегмент за зголемена ефикасност и забрзување на истрагите особено во делот на борбата со прекуграничен криминал. Посебен сегмент од меѓународната соработка претставува соработката која се остварува заради меѓународна правна помош.

### 1. Меморандуми и средби

Во оваа насока, во 2022 година од особено значење беше потпишувањето на Работниот договор за соработка со Европското јавно обвинителство. Договорот на 24 октомври 2022 година во Луксембург го потпишаа Јавниот обвинител на Република Северна Македонија Љубомир Јовески и Европската главна обвинителка Лаура Кодрута Ковеси. Договорот ја олеснува меѓусебната соработка и размена на информации меѓу двете обвинителства за обезбедување ефикасна истрага и гонење на сторителите на кривични дела особено кога станува збор за злоупотреби на финансиски средства од европските фондови.

На 17 февруари 2022 година Јавниот обвинител на Република Северна Македонија учествуваше на завршен настан на Твининиг проектот „Градење на институционалниот капацитет на истражниот центар" финансиран од ЕУ. Овој проект е придонес како стандардите кои важат во Европската унија да бидат применети и во нашата земја, а воедно Владата, министерствата и

обвинителството да продолжат да обезбедуваат континуирана поддршка и ресурси за истражните центри.

На 24 февруари 2022 година Јавниот обвинител на Република Северна Македонија се сретна со францускиот амбасадор во земјава Н.Е. Сирил Бомгартнер и судијата за врски во регионот на Југоисточна Европа Фредерика Дибост. На средбата се разговараше за активностите на Јавното обвинителство по отпочнување на примена на новиот Закон за јавното обвинителство, за планираните измени во Законот за кривичната постапка, како и за примената на Стратегијата за човечки ресурси во Јавното обвинителство. Притоа Бомгартнер и Дибост ги најавија плановите за организација на регионални семинари кои треба да помогнат за унапредување на соработката меѓу јавните обвинителства од регионот во областите на запленета на незаконски стекнат имот од трговија со наркотици и превенција и борба против корупција.

На 26 октомври 2022 година Јавниот обвинител на Република Северна Македонија прими делегација на Европравда предводена од Потпретседателката на Европравда Маргарита Шниутите – Догелине. Во рамките на посетата претставниците на Европравда го изложија најновиот проект на ЕУ имплеметиран од Европравда кој предвидува поддршка на земјите од Западен Балкан во истражувањето на организираниот криминал за времетраење од 4 години и со него се опфатени 6 земји од Западниот Балкан меѓу кои и Република Северна Македонија.

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија во јануари 2022 година, заедно со јавните обвинители од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија прими во посета група студенти на Клиниката за човекови права од Школата за напредни меѓународни студии при Универзитетот „Џонс Хопкинс“ во САД. На средбата претставниците на Школата „Џонс Хопкинс“ им беше презентирана институционалната поставеност и кривично правните норми кои ја санкционираат трговијата со луѓе.

**2. Меѓународна правна помош и меѓународна соработа**

Јавното обвинителство во континуитет ги јакне капацитетите за меѓународна правна помош, како преку Одделението за меѓународна правна помош кое функционира во рамките на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, така и преку директна комуникација на домашните јавни обвинителства со обвинителства и други институции од странски земји.

Со оглед на фактот дека криминалните структури со своите дејствија се почесто ги надминуваат националните граници, неспорно се појавува потребата во следниот период уште повеќе да се инвестира во јакнење на меѓународната

размена на информации меѓу истражните органи со цел да се обезбеди ефикасен кривичен прогон.

Во текот на 2022 година, предку Одделението за меѓународна правна помош во ЈОРСМ биле примени и испратени вкупно 378 барања за меѓународна правна помош, при што бројот на поднесени и примени барања е приближно ист. Најчести земји од кои сме побарале меѓународна правна помош се соседните и воопшто балканските земји, додека од останатите – Велика Британија и Соединетите Американски Држави како земји во кои се регистрирани седиштата на најголем дел од социјалните мрежи. Најчесто барања за меѓународна правна помош до нас пристигнуваат повторно од балканските земји, што е разбирливо со оглед на поврзаноста и неопходноста од меѓусебна соработка за разоткривање на криминалните структури. Освен ова, на листата на земји кои побарале меѓународна правна помош се и Холандија, Германија, Чешка и други.

Во поглед на видот на дејствијата преземени по барањата за меѓународна правна помош, тука се вклучени барања за достава на податоци, преземање на кривично гонење, замолници за сослушување и други замолници, известувања, информации и достава на списи, а во текот на 2022 година се поднесени и 3 барања за формирање заеднички истражни тимови.

Јавното обвинителство активно соработува во рамките на Европравда -EUROJUST и на Европската правосудна мрежа во кривична материја – EJN. Од поспецифичните случаи, со поддршка на ЕВРОПРАВДА и ЕВРОПОЛ на 8 и 9 ноември беше спроведена меѓународна акција во Албанија, Бугарија, Грузија, Северна Македонија и Украина против голема инвестициска измама што вклучува употреба на криптовалути. Во акцијата јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и обвинители од обвинителство Бамберг – Германија реализираа заеднички активности.

Во просториите на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во извештајната година беа сместени и експерти од Проектот на ИПА/2017 „Сузбивање на сериозниот криминал на западниот Балкан“ кои даваат поддршка на јавните обвинители во нивната борба против сериозниот и организираниот криминал. Проектот е заеднички финансиран од Европската Комисија (DG NEAR) и германското сојузно Министерство за економска соработка и развој (BMZ), а се спроведува од страна на ГИЗ, италијанското Министерство за внатрешни работи и Центарот за меѓународна правна соработка (CILC, Холандија). Во текот на 2022 година преку овој проект беа реализирани низа координативни состаноци и консултации за конкретни предмети во меѓународни рамки, тркалезни маси и работилници од областа на финансискиот криминал и перењето пари, како и меѓународна средба за формирање на заеднички истражни тимови.

Институционализиран облик на соработка е и во рамките на советодавната јавнообвинителска мрежа на земјите од Југоисточна Европа SEEPAG во која, покрај нашата земја, членуваат претставници на јавните обвинителства од земјите од регионот - Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Молдавија, Романија, Србија, Црна Гора, Турција, Хрватска и Унгарија, потоа во PCCIJIE - Секретаријатот за полициска соработка во Југоисточна Европа, како и бројни други облици на проектна или поединечна соработка.

Етаблирањето на обвинителството како институција на која може да се смета при гонење на прекуграничен криминал и работа на меѓународно важни и експонирани кривично правни случаи ја зајакнува позицијата на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, а со самото тоа и на нашата држава.

### 3. Стручно усовршување и обуки

Со цел ефикасно спроведување на јавнообвинителската функција, јавните обвинители во текот на 2022 година продолжија преку Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија, да посетуваат или да учествуваат онлајн на повеќе обуки на различни теми, во рамките на програмата за континуирана едукација.

Обуки од различни области беа спроведени и за јавнообвинителската служба, согласно годишната програма на Академијата за судии и јавни обвинители.

Јавните обвинители и во текот на 2022 година активно учестваа на низа регионални работилници, програми и проекти за обука, советувања, работилници, семинари, тркалезни маси и други форми на едукација и обука во земјата и во странство. Притоа, обвинителите се јавуваат и како посетители, но и како предавачи и активни учесници со свои тематски излагања.

Меѓутоа, со оглед на законските, но и технолошките промени кои го засегаат и јавнообвинителското постапување, но и работата на другите административни служби во рамките на Јавното обвинителство, постојано се појавува потреба за уште поголем фонд на обуки од различни области и за јавните обвинители и за јавнообвинителските службеници.

# Б. АНАЛИЗА НА ПОСТАПКИ

## VIII. ЗБИРНИ ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈОТ И ПОСТАПКИТЕ ПО КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ

Основните јавни обвинителства, во текот на 2022 година постапуваа по новопримени кривични пријави против вкупно 27.845 сторители на кривични дела, од кои против 18.928 полнолетни, против 1.006 деца и против 7.911 непознати сторители на кривични дела, но и по 13.421 незавршени предмети на крајот од 2021 година. Според тоа, основните јавни обвинителства во текот на извештајната 2022 година постапуваа против вкупно 41.266 сторители на кривични дела.

Во 2022 година, од вкупно пријавените сторители на кривични дела, 7.911 се однесуваат на непознати сторители. Во обвинителствата од претходните години има голем број предмети против непознати сторители на кривични дела. На крајот на 2021 година бројката на пријавени непознати сторители беше 66.744. на кои се додаваат новопријавените 7.911 во текот на извештајната 2022 година. Со оглед на тоа што предметите со непознати сторители на кривични дела се товар кој со години се пренесува и зголемува, и каде се преземаат дејствија пред се за откривање на сторителите, натамошната анализа за работењето на јавното обвинителство од аспект на процентуално пресметување на преземени дејствија и анализа на појави, не го опфаќа бројот на предмети со непознати сторители на кривични дела.

| | Пристигнати пријави во 2022 | Префрлени во работа од 2021 | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Полнолетни сторители | 18.928 | 13.306 | 32.234 |
| Деца | 1.006 | 115 | 1.121 |
| Непознати сторители | 7.911 | 66.744 (од претходните години кои не се предмет на статистичка обработка во извештајот) | 7.911 |
| Вкупно | 27.845 | 13.421 | 41.266 |

*VIII. 1.1 Табеларен преглед на сторители на кривични дела по кои постапуваа обвинителствата во 2022 година*

Споредбата на податоците од 2022 година со оние од 2021 и 2020 година, покажува дека има одредено намалување на бројот на новопримени кривични пријави според бројот на сторители на кривични дела во однос на претходните години. Ваквото намалување се регистрира како во однос на полнолетните сторители, така во однос на децата и на непознатите сторители на кривични дела.

| Сторители на кривични дела | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Полнолетни** | 22.717 | 20.975 | 18.928 |
| **Деца** | 1.254 | 1.210 | 1.006 |
| **Непознати** | 8.193 | 8.381 | 7.911 |
| **Вкупно:** | **32.164** | **30.566** | **27.845** |

*VIII. 1.2 Табеларен преглед за споредба на бројот на примени кривични пријави според сторители на кривични дела во последните 3 години*

## 1. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД ПОЛНОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ

### 1.1. Постапување на основните јавни обвинителства

Основните јавните обвинителства во текот на 2022 година постапувале против **32.234** полнолетни сторители на кривични дела, од кои за 18.928 сторители пријавите се примени во извештајната година, а за 13.306 пријавите се префрлени од претходната 2021 година.

Податоците покажуваат намалување на бројот на пријавени полнолетни сторители на кривични дела во однос на претходните години во основните обвинителства од подрачјата на сите виши јавни обвинителства. Единствено во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се регистрира извесно зголемување на бројот на пријавени полнолетни сторители на кривични дела.

| **Вишо јавно обвинителство со подрачните основни обвинителства** | **2020** | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 19.678 | 19.288 | 16.720 |
| **Битола** | 6.405 | 6.133 | 6.042 |
| **Штип** | 4.583 | 3.374 | 2.954 |
| **Гостивар** | 7.129 | 5.965 | 5.437 |
| **ОЈО ГОКК** | 593 | 973 | 1081 |
| **Вкупно:** | **38.388** | **35.733** | **32.234** |

*VIII.1.3 Табела за постапки против полнолетни сторители по виши јавни обвинителства и ОЈО ГОКК*

Во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, кое постапувало по кривични пријави против вкупно 1.081 полнолетни сторители на кривични дела, за 370 полнолетни лица постапката се водела во Специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција.

## 1.2. Подносители на кривични пријави

Во текот на извештајниот период, од новоподнесените кривични пријави против 18.928 полнолетни сторители на кривични дела, најмногу односно против 13.365 лица или 70,6% од кривичните пријави ги поднело Министерството за внатрешни работи.

Граѓаните поднеле кривични пријави против 2.482 лица или 13,1 %, другите државни органи 1.319 или 7%. **Значителен е бројот на постапки по допрен глас, односно по сопствена иницијатива на јавното обвинителство, кое во 4% случаи во 2022 година отворило постапки на овој начин.** Постепеното процентуално зголемување на постапки отворени по допрен глас на јавното обвинителство во вкупниот број предмети, покажува дека обвинителството постојано ги следи настаните, објавите во печатените и електронските медиуми и во случаите во кои ќе оцени дека постојат основи на сомнение за сторено кривично дело, а кое не е пријавено, врз основа на овластувањата дадени со закон, поведува постапки по сопствена иницијатива. За споредба, во 2021 година овој процент на поведени постапки по допрен глас беше 3,4% од вкупниот број. Во исто време, процентот на пријави од МВР и од граѓани се намалил, додека процентуалната застапеност на пријави од други државни органи покажува раст во текот на 2022 во однос на претходната година.

| ВЈО | Вкупно пријави по лица | Подносители | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | МВР | Граѓани | Правни лица | Други државни органи | Иницијa-<br>-тива на ЈО | Други |
| **Скопје** | 8.568 | 5.827 | 1.213 | 591 | 780 | 91 | 66 |
| **Битола** | 3.821 | 2.795 | 486 | 68 | 197 | 214 | 61 |
| **Штип** | 2.738 | 1.976 | 440 | 45 | 146 | 111 | 20 |
| **Гостивар** | 3.038 | 2.433 | 275 | 50 | 87 | 186 | 7 |
| **ОЈО ГОКК** | 763 | 334 | 68 | 73 | 109 | 169 | 10 |
| **Вкупно 2022** | **18.928<br>100%** | **13.365<br>70,6%** | **2.482<br>13,1%** | **827<br>4,4%** | **1.319<br>7%** | **771<br>4%** | **164<br>0,9%** |
| | | | | | | | |
| **Вкупно 2021** | **20.975<br>100%** | **15.350<br>73,2%** | **2.413<br>11,5%** | **936<br>4,5%** | **1.114<br>5,3%** | **712<br>3,4 %** | **450<br>2,1%** |

*VIII.1.4 Табела за постапки во 2022 година според подносители на пријавите по виши јавни обвинителства и ОЈО ГОКК, со споредбени податоци за 2021 година*

## 1.3. Постапување по кривични пријави

### Обем и ажурност

Постапувајќи против вкупно 32.234 полнолетни лица, основните јавни обвинителства решиле кривични пријави против 19.855 лица или 61,6%, а на крајот на годината, кај други органи или кај јавните обвинители, останале во работа кривични пријави против 12.379 лица или 38,4%.

Со оглед на тоа што бројот на решени пријави го надминува бројот на новопримени пријави за околу 1.000, неспорно може да се заклучи дека Јавното обвинителство, и покрај тоа што функцијата ја извршува со намален број јавни обвинители, не само што го совладува приливот на нови предмети, туку и го намалува бројот на нерешени предмети на крајот на годината. Ваквиот тренд на намалување на бројот на нерешени пријави се задржува од претходните години.




*VIII.1.5 Графички приказ на бројот на новопримени наспроти бројот на решени кривични пријави за 2021 и 2022 година*

Меѓутоа, доколку се анализира по подрачјата на вишите јавни обвинителства и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, постојат разлики во обемот на работа и ажурноста во постапувањето.

Така, на подрачјето на Вишо јавно обвинителство Гостивар се постапувало против вкупно 5.437 лица, од кои 3.038 пријавени во извештајната година и против 2.399 лица од претходната 2021 година. Основните јавни обвинителства на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар решиле пријави против вкупно 2.955 лица или 44,4 %, односно бројот на решени пријави е помал од бројот на новопримени. Причините за ваквата динамика се должат на нерешените кадровски проблеми на подрачјето на ова Вишо обвинителство во изминатите години - недоволен број јавни обвинители и намален број на јавнообвинителски службеници. Притоа, анализите покажуваат дека најголем број на нерешени кривични пријави на подрачјето на ова Вишо јавно обвинителство има во Основното јавно обвинителство Кичево што се должи на проширената надлежност со која кон ова обвинителство беа трансферирани поголем број предмети од други обвинителства, како и нерешените кадровски проблеми во изминатите неколку години. Од предвидените 5 јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Кичево, функцијата ја извршуваат само два јавни обвинители. Проблемот со недостиг на кадар е уште поизразен во Основното јавно обвинителство Тетово.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип се постапувало против 2.954 лица, од кои 2.738 лица од извештајната година, а 216 лица од претходниот период. На ова подрачје основните јавни обвинителства на крајот од годината донеле одлуки против 2.668 лица или решени се 90,3 % од вкупниот број на кривични пријави по лица. Но, сепак, и покрај ваквата ажурност на крајот на 2022 се забележува дека бројот на новопримени пријави е поголем од

бројот на решени, што благо го зголемува заостатокот на нерешени предмети во основните јавни обвинителства на ова подрачје во однос на претходниот период. Главна причина за ваквите состојби е намалувањето на бројот на јавни обвинители и јавнообвинителски службеници поради пензионирање.

Основните јавни обвинителства од подрачјето на Вишо јавно обвинителство Битола постапувале против 6.042 лица, од кои 3.821 пријавени во извештајната година и 2.221 останати во работа од претходната година. Во 2022 година биле решени предмети против 3.722 лица или 61,6%, а во работа останале кривични пријави против 2.320 лица. И овие податоци укажуваат на благо зголемување на нерешени кривични пријави што во основа се должи на нецелосната екипираност со јавни обвинители и службеници.

За разлика од ова, на подрачјето на Вишо јавно обвинителство Скопје во текот на извештајната 2022 година во работа биле кривични пријави против вкупно 16.720 лица, од кои 8.568 новопријавени лица и против 8.152 лица кои останале во работа на крајот од 2021 година. Од вкупната бројка на постапување на ова подрачје на крајот од 2022 година основните јавни обвинителства решиле пријави против 9,742 лица или 58,3%, а останале во работа кривични пријави против 6.978 лица. Согласно тоа, очигледно е дека основните јавни обивнителства на ова подрачје покажуваат значително зголемување на ажурноста и намалување на бројот на нерешени кривични пријави.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на извештајната година постапувало против 1,081 полнолетни сторители од кои 763 новопријавени и 318 лица од претходната година. Решени се кривични пријави против 768 лица или 71 %, а во работа на крајот од годината останале кривични пријави против 313 лица. Со тоа, кај ова јавно обвинителство бројот на нерешени кривични пријави е речиси на исто ниво како претходната година.

Специјализирано одделение за гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција кое постапува во рамките на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, во текот на извештајната година постапувало против 370 лица полнолетни сторители од кои 299 новопријавени и 71 лица од претходната година. Решени се кривични пријави против 278 лица.




*VIII.1.5 Графички приказ на бројот на новопримени наспроти бројот на решени кривични пријави по виши јавни обвинителства и ОЈОГОКК*

Обемот на работа на јавните обвинителства укажува дека од вкупниот обем на работа на ниво на државата, основните јавни обвинителства од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје учествуваат со 16.720 пријавени полнолетни лица или повеќе од половина. Од тоа, Основното јавно обвинителство Скопје постапува по кривични пријави против 12.238 лица или дури 73,2% од кривичните пријави на целото скопско подрачје.

## 2. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД СТОРИТЕЛИ - ДЕЦА

Во 2022 година до основните јавни обвинителства биле **поднесени кривични пријави против 1.006 деца,** што во вкупен обем на работа по кривични пријави против познати сторители на кривични дела претставува учество со 5%.

Во текот на годината јавните обвинителства постапувале и по кривични пријави од претходната година против 115 деца, така што во работа имале пријави спрема вкупно 1.121 дете.

Од вкупниот број кривични пријави по кои е постапувано во 2022 година решени се пријави спрема 989 деца или 88,2%, а на крајот на годината останале во работа спрема 132 деца или 11,8%.

Од вкупниот број решени пријави спрема 353 деца или 35,7 % се отфрлени кривични пријави, а спрема 600 деца или 60,7 % поднесени се барања за подготвителна постапка. Спрема 5 деца поднесен е директен предлог за санкција.

Ако се погледне структурата на отфрлени кривични пријави, спрема 116 деца или во 33% од случаите пријавите се отфрлени бидејќи се работи за кривично неодговорни деца до 14 години возраст, а за другите 237 деца отфрлени се по основ на начелото на опортунитет и други основи.

Кога станува збор за тежината на кривичните дела сторени од малолетници, треба да се наведе дека во 2022 година против 10 деца во судир со законот постапувало Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Децата биле дел од организирани криминални групи и сториле кривични дела и тоа: едно од чл. 215 ст.3 од КЗ – Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, додека останатите се товарат за кривично дело Криумчарење на мигранти (418-б од КЗ), две од нив и за Злосторничко здружување (чл.394 од КЗ), а две за Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти (чл.418-в од КЗ).

### 2.1 Подготвителна постапка

Во текот на 2022 година спрема 600 деца поднесени се барања за поведување на подготвителна постапка.

Во однос на претходната 2021 година кога спрема 697 дете биле поднесени барања за поведување на подготвителна постапка во извештајниот период од 2022 година оваа бројка е намалена што претставува своевиден тренд и во претходните години.

Јавните обвинители постапувале и по нерешени подготвителни постапки од претходната година против 301 деца, така што вкупно во работа имале подготвителни постапки спрема 901 деца.

Во 2021 година до судии за деца на надлежните судови јавното обвинителство поднело предлози за примена на санкција спрема 429 деца, при што најчеста мерка која се изрекува со првостепена одлука на судот биле мерки на засилен надзор.

Од вкупно завршените подготвителни постапки, спрема 157 деца ставени се предлози за запирање на постапка и тоа за 23 деца поради нецелесообразност на водење на постапката, за 134 деца од други причини.

## 3. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД НЕПОЗНАТИ СТОРИТЕЛИ

Во 2022 година до јавните обвинителства биле поднесени кривични пријави против 7.911 непознати сторители.

Ако ја споредиме оваа бројка со претходната 2021 година кога биле поднесени 8.391 се забележува намалување од 480 кривични пријави, што практично го следи трендот на намалување на кривичните пријави кој се забележува и кај познатите сторители.

Јавните обвинителства постапувајќи по новопримени кривични пријави против непознати сторители до Министерството за внатрешни работи доставиле 7.111 наредби за откривање на сторителите на кривичните дела, додека во 322 случаи биле издадени наредби и барања за собирање податоци до други органи. Од новоподнесените кривични пријави во 2022 година, како резултат на преземените дејствија, откриени се 827 сторители на кривични дела.

Во 2022 година, јавните обвинителства во работа имале и кривични пријави против 66.744 непознати сторители на кривични дела кои останале неоткриени од претходните години. Со тоа вкупната бројка на непознати сторители против кои се постапува со цел да бидат откриени изнесува 74.655. Од оваа бројка на стари предмети, во текот на 2022 година откриени се 578 сторители на кривични дела

Со решение за отфрлање на кривичната пријава во 2022 година се решени пријави против 14.070 непознати лица, најмногу по основ на застареност, по кој биле отфрлени пријави против 13.797 непознати лица.

## 4. ПОСТАПУВАЊЕ И ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА ОД ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА ПО ПРЕДМЕТИТЕ

### 4.1 Барање за собирање податоци и потребни известувања

Во 2022 година, основните јавни обвинителства, постапувајќи по кривичните пријави, презеле дејствија на собирање на потребни податоци и известувања во 13.560 случаи.

| Подрачје на вишо обвинителство | Поднесени барања |
|---|---|
| Вишо јавно обвинителство Скопје | 7.301 |
| Вишо јавно обвинителство Битола | 2.774 |
| Вишо јавно обвинителство Штип | 2.535 |
| Вишо јавно обвинителство Гостивар | 667 |
| ОЈОГОКК | 283 |

| ВКУПНО | 13.560 |
|---|---|

*VIII.4.1 Табела за поднесени барања за собирање податоци и потребни известувања според подрачја на виши обвинителства*

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција презело дејствија на собирање на потребни податоци и известувања во 283 случаи, од кои Специјализирано одделение за гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција кое постапува во рамките на ова јавно обвинителство презело дејствија на собирање на потребни податоци и известувања во 171 случаи.

### 4.2. Истражни дејствија на јавниот обвинител во предистражна постапка

Во 2022 година во предистражна постапка од јавните обвинители биле преземени истражни дејствија против вкупно 10.172 лица.

| Подрачје на вишо обвинителство | Издадени наредби во предистрага |
|---|---|
| Вишо јавно обвинителство Скопје | 4.275 |
| Вишо јавно обвинителство Битола | 3.263 |
| Вишо јавно обвинителство Штип | 1.853 |
| Вишо јавно обвинителство Гостивар | 733 |
| ОЈОГОКК | 48 |
| ВКУПНО | 10.172 |

*VIII.4.2 Табела за преземени истражни дејствија во предистражна постапка според подрачја на виши обвинителства*

Јавните обвинители поголемиот број дејствија ги преземаат пред носењето на Наредбата за спроведување на истражна постапка, меѓутоа сами спроведуваат и голем дел од истражни дејствија во предметите кои се водат во скратена постапка и за кои законот не бара формално спроведување истрага.

Во текот на 2022 година, јавните обвинители од основните јавни обвинителства испитале 7.959 лица со статус осомничен, сведок или оштетен, а во претходна постапка спровеле вкупно 2.082 вештачења и увиди.

Од значење е да се истакне дека иако бројот на новооформени предмети на годишно ниво бил помал, се зголемил бројот на спроведени увиди и вештачења

во однос на 2021 година, кога во текот на претходната постапка беа спроведени вкупно 1.831 вештачења и увиди. Ова е неспорен показател за зголемената активност и напорите што ги вложуваат јавните обвинители за обезбедување докази во предметите.

### 4.2.1 Примена на посебни истражни мерки

Посебните истражни мерки се силен и адекватен одговор за спротивставување и пресретнување на различните облици на организиран криминал, корупција, тероризам и другите тешки облици на криминал. Со посебните истражни мерки на органите на кривичниот прогон не само што значително им се надминуваат или пак се намалуваат тешкотиите при откривањето и гонењето на организираниот и тешкиот криминал, туку им се овозможува и активна улога уште во претходната постапка.

Современите облици на криминалот, а особено тешкиот и организираниот криминал не може да се откријат и за нив да се обезбедат докази без примена на посебни истражни мерки. Меѓутоа, истовремено, нивната примена претставува упад во личните права и слободи на поединецот. Од тие причини, неопходно е да се постигне своевиден баланс помеѓу интересот на ефикасниот кривичен прогон и почитувањето на основните човекови права и слободи.

Од овие причини, примената на ваквите мерки е прецизно регулирана во Законот за кривичната постапка како и во другите закони (Закон за следење на комуникациите) и е предвидена само во строго определени случаи кога е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, а кои на друг начин не можат да се соберат.

Дополнително, оперативната примена на ваквите мерки подетално е разработена и реглирана и со подзаконски акти – задолжителни упатства.

Во основните јавни обвинителства во текот на 2022 година применети се посебни истражни мерки од чл.252 од ЗКП во вкупно 53 случаи против 413 лица со утврден идентитет, 2 лица со неутврден идентитет и 136 предмети на кривично дело.

За споредба, во 2021 година во сите основни јавни обвинителства беа применети посебни истражни мерки во вкупно 59 случаи против 204 лица со утврден идентитет, 11 лица со неутврден идентитет и 126 предмети на кривично дело.

Според тоа се констатира дека во текот на 2022 година постои намалување на бројот на случаи во кои биле спроведени посебни истражни мерки, но во исто

време бројот на лица со утврден идентитет против кои се применувале вакви мерки е зголемен од 204 лица во 2021 година на 413 лица во 2022 година што претставува практично удвојување на бројот на лица опфатени со мерките. И во делот на мерките кои се применувале спрема предмети се регистрира извесно зголемување на бројката од 126 предмети опфатени со посебни истражни мерки во 2021 година на 136 предмети во 2022 година.

Како иницијатори за поведување на постапка за примена на посебни истражни мерки во извештајниот период во речиси сите случаи се јавуваат органите на правосудната полиција – Министерство за внатрешни работи и Царинска управа, додека во еден случај Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција по сопствена иницијатива повело постапка за примена на овој вид на мерки.

Како најприменувани посебни истражни мерки во континуитет се мерките од минатите години од чл.252 ст.1 т.1 (Следење и снимање на телефонските и други телефонски комуникации) и од чл.252 т.3 ( Тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен), што укажува дека овие мерки се покажуваат како најкорисни инструменти кои даваат резултати.

Како и минатите години забележително е дека посебните истражни мерки во најголем број случаи се применувале во обезбедување на докази за кривично дело - Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и перкурзори од чл.215 од КЗ.

Неопходно е да се истакне дека, во однос на 2021 година, примената на посебните истражни мерки во 2022 година била поефикасна, бидејќи расте бројот на случаи кои завршиле со понатамошни постапки - отворање истрага и подигнување обвинение и резутирале со разоткривање и разбивање на криминални структури, заплени и осудителни пресуди.

### 4.3. Резултати од истраги спроведени од јавните обвинителства / Одлуки по кривични пријави

#### 4.3.1. Број и структура

Постапувајќи против вкупно 32.234 полнолетни лица, основните јавни обвинителства решиле кривични пријави против 19.855 лица. Структурата на одлуките на решените кривични пријави покажува дека:

1) Поднесени се обвинителни предлози против 4.829 лица или 24,3 %

2) Поднесени се предлози за казнен налог против 4.458 лица или 22,5%

3) Против 1.398 лица или 7% донесени се наредби за спроведување на истрага, а по спроведената истрага против 1.087 лица поднесени се обвинителни акти,

4) Предлог спогодба во скратена постапка поднесена е против 114 лица или 0,6 %,

5) Против 849 лица или 4,3% пријавите се решени на друг начин, и

6) Отфрлени се кривични пријави, врз основа на чл.288 од ЗКП и други причини, против вкупно 8.207 лица или 41,3 %.




*VIII.4.3 Графички приказ за структура на решени пријави*

### 4.3.2. Отфрлени кривични пријави

Во делот на кривични пријави кои резултирале со носење на решение за отфрлање на кривична пријава постојат два законски основи, член 288 и членовите 43 и 44 од Законот за кривичната постапка. Разликата меѓу овие основи е значајна од повеќе причини.

Со членот 43 од Законот е предвидена примената на институтот условно одлагање на кривичната постапка, согласно кој јавниот обвинител може условно со решение да го одложи кривичното гонење со согласност на оштетениот за кривично дело за кое е пропишана казна затвор до три години, доколку осомничениот е подготвен да се однесува според упатствата на јавниот обвинител и да ги исполни определените обврски со кои се намалуваат или отстрануваат штетните последици на кривичното дело. Со тоа се разрешува кривичното дело и се влијае на реинтеграцијата на осомничениот.

Според предвидениот основ по чл.43 од ЗКП во текот на 2022 година решени се кривични пријави против 880 лица или 10,7% од вкупниот број на донесени решенија за отфрлање на кривични пријави.

Од друга страна, согласно член 44 од Законот, јавниот обвинител не е должен да преземе кривично гонење, односно може да се откаже од гонењето, доколку:

- во Кривичниот законик е утврдено дека судот може сторителот на кривично дело да го ослободи од казна и ако јавниот обвинител со оглед на конкретните околности на случајот оцени дека самата пресуда без кривична санкција не е потребна,

- во Кривичниот законик за кривичното дело е пропишана парична казна или казна затвор до три години, а осомничениот поради вистинско каење го спречил настанувањето на штетните последици или ја надоместил сета штета и ако јавниот обвинител со оглед на конкретните околности на случајот ќе оцени дека кривичната санкција не е основана, или

- осомничениот како член на организирана група, банда или друго злосторничко здружение доброволно соработува пред или по откривањето или во текот на кривичната постапка и ако таквата соработка и изјава на тоа лице е од суштествено значење за кривичната постапка.

По основот од чл.44 од ЗКП во текот на 2022 година решени се кривични пријави против 141 лица или 1,7% од вкупниот број на донесени решенија за отфрлање на кривични пријави.

Донесените одлуки врз основа на овие законски можности значи дека соодветните пријави се целосно и темелно обработени, прибавени се сите докази со кои се докажува дека осомничениот го сторил кривичното дело, отстранети се штетните последици, постигнати се целите на казнувањето, така што донесеното решение во такви услови значи задоволување на правдата.

Основните јавни обвинителства овој институтит најчесто го користеле за кривични дела од чл.297 и чл.300 од КЗ, а во помал обем за кривични дела од чл.235-а, чл.130 ст.2, чл.247 и чл.202 ст.1 од Кривичниот законик. Во однос на зачестеноста на примената на овој институт се констатира процентуално намалување во однос на 2021, особено во делот на примената на основот од член 43 од ЗКП.

Важно е да се напомене дека покрај запирањето на кривичната постапка, сите основни јавни обвинителства, само врз основа на примената на овој институт, во полза на Буџетот на РСМ оствариле вкупен износ од 11.907.708,00 денари.

| Подрачје на вишо обвинителство | Одлуки по лица (чл.43 и чл.44 ЗКП) | Придонес во корист на Буџетот на РСМ |
|---|---|---|
| Вишо јавно обвинителство Скопје | 676 | 9.262.067,00 денари |
| Вишо јавно обвинителство Битола | 80 | 334.962,00 денари |
| Вишо јавно обвинителство Штип | 118 | 786.360,00 денари |
| Вишо јавно обвинителство Гостивар | 147 | 1.524.319,00 денари |
| ВКУПНО | 1.021 | 11.907.708,00 денари |

*VIII.4.3.1 Табела за донесени решенија и остварен придонес во Буџетот на РСМ според чл.43 и чл.44 од ЗКП според подрачја на виши обвинителства*

Покрај остварените приходи директно за Буџетот на РСМ, остварен е придонес за хуманитарни цели, во корист на други институции и плаќање издршка.

Другите 83,8% од вкупниот број се решенија за отфрлање на кривичните пријави по член 288 од Законот за кривична постапка, при што најприменувани основи за отфрлање на кривични пријави се:

- пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност, и

- не постојат основи на сомнение дека пријавениот го сторил кривичното дело.

Во однос на податоците од 2021 година, мало зголемување на бројот на отфрлени кривичи пријави по овој основ се бележи на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје и Вишото јавно обвинителство Гостивар, додека во обвинителствата на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола и Вишото јавно обвинителство Штип бројот на донесени решенија за отфрлање по овој основ се намалил во извештајната во однос на претходната година.

| Подрачје на вишо обвинителство | Решенија за офрлање 2022 | Решенија за отфрлање 2021 |
|---|---|---|
| Вишо јавно обвинителство Скопје | 3.944 | 3.825 |
| Вишо јавно обвинителство Битола | 1.423 | 1.580 |
| Вишо јавно обвинителство Штип | 637 | 828 |
| Вишо јавно обвинителство Гостивар | 940 | 924 |

*VIII.4.3.2 Табела за донесени решенија за отфрлање кривични пријави според чл.288 од ЗКП според подрачја на виши обвинителства*

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на 2022 година донело 242 решенија за отфрлање на кривични пријави, од кои 181 решение се донесени за кривични пријави во кои постапувало Специјализираното одделение за гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција.

### 4.3.3. Донесени наредби за спроведување истражна постапка

Основните јавни обвинителства во 2022 година донеле наредби за спроведување истражна постапка против 1.398 лица што е за 91 лице повеќе во однос на претходната година, кога такви наредби биле издадени против 1.307 лица. Во 2022 година, обвинителствата постапувале и во истраги поведени против 768 лица од претходната година, така што вкупно во работа имале истраги против 2.166 лица.

Во однос на ажурноста на истражните постапки, во 2022 година завршени се истрагите против 1.433 лица или 66,1% од вкупниот број истраги во работа. Бројот на завршени е поголем од бројот на новоотворени истражни постапки во текот на годината, што укажува на намалување на бројот на отворени постапки во обвинителствата.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на 2022 година донело наредба за спроведување на истражна постапка против 209 лица, а спроведувало истрага и против 207 лица за кои таа не била завршена во претходниот период.

### 4.3.4. Примена на мерката притвор

Мерката притвор во 2022 година од основните јавни обвинителства во подрачјата на четирите виши јавни обвинителства и на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е применета против 607 лица. Ако се земе предвид дека во текот на 2022 година обвинителствата постапуваа против вкупно новопријавени 18.928 лица, се заклучува дека ваква мерка е побарана само за 3,2% од сторителите.

Притоа, обвинителството ја предлага мерката притвор целосно согласно закон, кога таа е единствен начин за да се обезбеди натамошното непречено одвивање на кривичната постапка.

| | Вкупно | 30 дена | 60 дена | 90 дена | Над 90 дена |
|---|---|---|---|---|---|
| **ВЈО Скопје** | **243** | 70 | 99 | 37 | 37 |
| **ВЈО Битола** | **94** | 54 | 7 | 22 | 11 |
| **ВЈО Гостивар** | **81** | 43 | 13 | 14 | 11 |
| **ВЈО Штип** | **37** | 4 | 5 | 19 | 9 |
| **ОЈО ГОКК** | **152** | 47 | 24 | 29 | 52 |
| **Вкупно** | **607** | **218** | **148** | **121** | **120** |

*VIII.4.3.3 Табела за времетраење на притворски мерки според подрачја на виши обвинителства*

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапувало против 152 лице на кои им бил определен притвор. Освен ова, за 9 лица мерката притвор била определена во отсуство, поради бегство и недостапност на органите на прогонот на осомничените. За нив притворот се засметува од денот на нивното лишување од слобода.

Статистичките показатели укажуваат дека дури и против лица кои се гонат за тежок организиран криминал и корупција, а кои се во надлежност на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција притворската мерка не се користи во сите случаи, туку само таму каде користењето на другите видови на мерки не би ја постигнале целта на кривичната постапка.

За дополнително намалување на предлагањето на мерката притвор, неопходно е да започне фактичка примена на Законот за пробација.

### 4.3.5. Одлуки по спроведена истрага

Во извештајната година, **решени се истрагите против 1.433 лица** или 66,1% од вкупниот број, и тоа на следниот начин:

| ОДЛУКА | СТОРИТЕЛИ |
|---|---|
| поднесени обвиненија | 1.087 |
| запрени истраги | 138 |
| прекинати истраги | 50 |
| предлог спогодба во истражна постапка | 126 |
| предлог спогодба по поднесување на обвинителен акт | 12 |
| на друг начин [1] | 20 |
| ВКУПНО | 1.433 |

*VIII.4.3.4 Табела за вид на решени истраги*

Податоците на одлуките по вид и број на решени истраги по одделни јавни обвинителства искажани се во следната табела:

| **ВЈО** | **Обвинителен акт** | **Наредба за запирање** | **Прекин** | **Друг начин** | **Предлог согодба по поднесено обвинение** | **Предлог спогодба во истражна постапка** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Гостивар | 158 | 26 | 1 | 7 | 2 | 17 |
| Штип | 173 | 20 | 10 | 3 | / | 8 |
| Скопје | 431 | 48 | 31 | 3 | 1 | 52 |
| Битола | 175 | 26 | 3 | / | 1 | 25 |
| ОЈО ГОКК | 150 | 18 | 5 | 7 | 8 | 24 |
| | | | | | | |
| **Вкупно:** | **1087** | **138** | **50** | **20** | **12** | **126** |

*VIII.4.3.5 Табела за вид на одлуки по истражни постапки според подрачје на виши обвинителства*

1 Податоците се однесуваат на предмети за кои по спроведената истрага е констатирано дека јавното обвинителство кое ја водело истрагата не е месно или стварно надлежно за конкретниот кривично-правен настан или пак во текот на истрагата се утврдило дека за тој кривично-правен настан претходно е водена постапка, поради што предметите се споени.

Во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и во основните јавни обвинителства во Скопје, Куманово и Тетово воспоставени се и функционираат истражни центри со што полесно се обезбедуваат доказите и се скратува времетраењето на истрагата. Со истражните центри се зајакнува и самостојноста на обвинителствата при преземањето на истражни дејствија. Истражните центри континуирано се опремуваат преку донации и со сопствени средства.

### 4.3.6 Предлог спогодби

Пресуда врз основа на постигната предлог-спогодба помеѓу јавниот обвинител и осомничениот придонесува за ефикасност и економичност на кривичната постапка, а обезбедува и повеќе други погодности во поглед на правата на осомничениот. Трошоците за кривичната постапка драстично се намалуваат, а целокупната постапка од поднесување на кривична пријава до склучување предлог спогодба во просек завршува за пет месеци. Сите овие факти недвосмислено укажуваат на оправданоста на заложбата на Јавното обвинителство се поголем број на предмети да се решаваат на ваков начин.

Сепак, и покрај бројните придобивки, во последниот период беа упатени бројни јавни критики кон Јавното обвинителство за склучени спогодби. Иако во крајна линија се покажа дека таквите спогодби биле најверојатно единствениот начин да се стигне до правосилна пресуда против одредени обвинети, сепак Обвинителството претрпе удар врз институционалната доверба токму како резултат на тие критики. Голем удел во тие негативни проценки на јавноста има неуспехот ваквите одлуки за спогодување да им се објаснат на граѓаните. Од тие причини, во следниот период обвинителството ќе работи на појаснување на примената на институтот за спогодување кај пошироката јавност.

Во текот на 2022 година, **институтот спогодување беше применет во вкупно 252 случаи**, што е од прилика еднаков број како и во 2021 година. Од нив, 114 случаи се во скратена постапка, 126 случаи во текот на истражната постапка и 12 случаи по поднесен обвинителен акт, односно во фаза на оценка на обвинение.

| | **Скратена постапка** | **Истражна постапка** | **По поднесен обвинителен акт** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| ВЈО Скопје | 72 | 52 | 1 | **125** |
| ВЈО Битола | 29 | 25 | 1 | **55** |
| ВЈО Штип | / | 8 | / | **8** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ВЈО Гостивар | 12 | 17 | 2 | **31** |
| ОЈО ГОКК | 1 | 24 | 8 | **33** |
| **Вкупно** | **114** | **126** | **12** | **252** |

*VIII.4.3.5 Табела за склучени спогодби по подрачја на виши обвинителства*

Очигледно е дека институтот на спогодување најмногу се користи на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје, на кое отпаѓаат половина од склучените предлог-спогодби во цела држава. Најслаба, пак, е примената во основните јавни обвинителства на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип.

Во однос пак на кривичните дела за кои се склучуваат предлог спогодбите, податоците покажуваат дека институтот наоѓа своја примена како за кривични дела за кои е запретена казна затвор до пет години, така и за кривични дела за кои е запретена казна затвор над пет години.

Наспроти можната негативна перцепција во јавноста, мора да се истакне дека прифаќањето на предлог-спогодба од обвинетите, покажува дека јавните обвинители во текот на постапката прибавиле доволно квалитетни докази, поради кои самите обвинети бараат да се спогодат за видот и висината на кривичната санкција со јавниот обвинител, дури и за кривични дела за кои согласно законот потоа им се изрекува затворска казна.

### 4.3.7. Обвиненија

Во 2022 година јавните обвинителства поднеле обвиненија против вкупно 10.374 лица, што е за 2.021 лица помалку во однос на 12.395 во 2021 година и што повторно во најголем дел е одраз на обемот на работа како резултат на намалениот прилив на предмети поврзани со почитувањето на здравствените прописи во пандемијата. Потврда за тоа е фактот што речиси целата разлика во бројот на поднесени обвиненија е резултат на намалениот број на поднесени предлози за казнен налог со кои во текот на претходните пандемиски години се санкционираше непостапувањето според здравствените прописи. Во исто време, бројот на поднесени обвинителни предлози и обвинителни акти е речиси ист.

Така, од вкупниот број на поднесени обвиненија во извештајната година, против 4.829 лица поднесени се обвинителни предлози, против 4.458 лица предлози за казнен налог, а против 1.087 лица поднесени се обвинителни акти по спроведена истрага.

| | Обвинителен предлог | Предлог за казнен налог | Обвинителен акт | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| 2022 | 4.829 | 4.458 | 1.087 | 10.374 |
| 2021 | 4.918 | 6.326 | 1.151 | 12.395 |

*VIII.4.3.6 Табела за број и вид на поднесени обвиненија во 2022 и 2021 година*

### 4.3.8 Одлуки на судот по поднесените обвиненија

Во 2022 година јавните обвинители учествувале на вкупно **20.160 одржани главни расправи.** Од тоа 3.956 главни расправи по обвинителни акти и 16.204 главни расправи по обвинителни предлози.

Од страна на надлежните судови биле донесени **пресуди против вкупно 10.680 лица**, што во однос на 14.059 пресудени во 2021 година е помалку за 3.379 лица.

| **Вид на пресуди** | **Број на лица 2022** |
|---|---|
| Осудителни пресуди[2] | 9.577 |
| Ослободителни пресуди | 388 |
| Одбивателни пресуди | 348 |
| Запирање по предавање на обвинителниот акт на судот и по повлечено обвинение | 214 |
| Мерка на безбедност | 103 |
| Судска опомена | 50 |
| **Вкупно** | **10.680** |

*VIII.4.3.7 Табела за вид на донесени судски пресуди во прв степен*

2 Во вкупниот број осудителни пресуди се искажани и изречените кривични санкции по предлог спогодби.

Од податоците во табелата може да се заклучи дека од вкупниот број на донесени пресуди, осудителни се пресудите против 9.577 лица или 91,4% од вкупниот број изречени пресуди во 2022 година. Против 1.771 лица со пресудите е изречена казна затвор, за 3.177 лица парична казна и за 4.629 лица - условна осуда.




*VIII.4.3.8 Графички приказ за вид на изречени санкции во прв степен*

Од вкупниот број осудителни пресуди во извештајната 2022 година, за 3.075 лица пресудите се донесени по основ на признание на вина во текот на главната расправа, согласно на член 381 од Законот за кривична постапка.

### 4.3.9 Одземени предмети, конфискација на имот

Суштината на кривичната одговорност не е само казнување на сторителот, туку и докажување дека никој не може да ја задржи директната и индиректната имотна корист прибавена на незаконит начин.

Јавното обвинителство е активно вклучено во реализацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот во Република Северна Македонија, која беше промовирана во јули 2021 година, а се однесува на периодот 2021-2023 година.

Една од клучните цели на Стратегијата е да ја зајакне соработката меѓу сите надлежни институции коишто учествуваат во процесот на финансиски истраги и конфискација на имот произлезен од кривични дела. Во таа насока се зајакнува нивната дигиталната поврзаност и навремена размена на податоци, но и кадровските и институционални капацитети на органите и нивна координација и меѓуресорска соработка во следење на протокот на пари и нивно прикривање и пренесување.

Од 2019 година во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија функционира Канцеларијата за следење имот, за спроведување и коорди-

нација на кривични постапки и постапки за обезбедување имот во областа на следење и идентификување приходи од кривични дела или друг имот поврзан со криминални активности. Таа е формирана со одлука на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и претставува своевиден претходник на Канцеларијата за поврат на имот или на таканаречената АРО канцеларија која би била формирана согласно законот за АРО канцеларијата кој е во собраниска процедура.

Целосната функционалност и операбилност на АРО Канцеларијата во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија треба да придонесе за исполнување на крајната цел на стратешки поставените определби за воспоставување на систем за ефикасни меѓуресорски истраги во однос на нелегалните имотни приноси во земјата и странство. Таквите истраги ќе резултираат со навремено определување привремени мерки со детално определен опис и проценка на вредноста на имотот и имотната корист со цел подоцнежна конфискација со судска одлука.

Следејќи ги заложбите за поврат на незаконски стекнатиот имот, а особено обврските кои по тој основ произлегуваат кон меѓународни институции и организации и во рамките на скрининг процесот за пристапните преговори со ЕУ, јавните обвинителства во извештајната година ја подобрија евиденцијата на предметите во кои се одредени мерки привремено замрзнување на имот, одземање на предмети од кривично дело и конфискација.

*- Привремено обезбедување на средства и имот*

Во текот на 2022 година Основото јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција до Основниот кривичен суд Скопје доставило 6 барања за определување на привремена мерка забрана за отуѓување и располагање со недвижен имот поради основано сомневање дека имотот потекнува од кривично дело и дека до крајот на кривичната постапка ќе биде особено отежнато или оневозможено неговото одземање и тоа за две лица осомничени за кривични дела Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ и 4 лица сторители на кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ, при што се замрзнати удели на правни и физички лица и хартии од вредност. Во однос на барањата за привремено запирање на извршување на финансиски трансакции ова јавно обвинителство во 2022 година има евидентирани 3 предмети што се однесуваат на барање привремени мерки-привремено запирање на финансиски средства за 3 лица и 1 правно лице поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело Перење пари и други приноси од казнено дело од чл.273 од КЗ и за кривично дело Измама од чл.247 од КЗ.

Имотот на кој што на предлог на ова обвинителство е определена мерка за забрана за оттуѓување и располагање е во вкупна вредност од 39.952.281 евра и се однесува на парични средства, градежни земјишта, станови, апартмани, деловни простории, хотел, хартии од вредност, удели и тоа за кривичните дела кои што се од надлежноста на ова обвинителство поточно од чл.353 од КЗ, чл.359а од КЗ, чл.353 од КЗ, чл.394 од КЗ, чл.273 од КЗ и чл.275в од КЗ.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје барање за обезбедување на средства и имот се евидентирани единствено во Основното јавно обвинителство Скопје и тоа за 7 физички лица и 1 правно лице, за кривични дела од чл.275в од КЗ, чл.355 од КЗ и чл.235а од КЗ и тоа заради обезбедување на имот за обезбедување на податоци кои се банкарска тајна, следење на платен промет и трансакција на сметки и привремено запирање на извршување определени финансиски трансакции и мерка за запленување на предмети за да се спречи нивно користење, отуѓување и располагање со истите.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип, Вишото јавно обвинителство Битола и Вишото јавно обвинителство Гостивар, основните јавни обвинителства во 2022 година до судијата на претходна постапка немаат поднесено барање за определување на мерки за привремено одземање на имот и предмети заради обезбедување согласно чл.202 од ЗКП.

*- Одземени предмети и конфискација*

Најголем број предмети се одземени од извршување на кривичните дела - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори од чл.215 од КЗ, Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 од КЗ, Тешка кражба од чл.236 од КЗ, Кражба од чл.235 од КЗ, Бесправно градење од чл.244а од КЗ, Незаконит риболов од чл.229 од КЗ, Фалсификување исправа од чл.378 од КЗ, Измама од чл.247 од КЗ, Лихарство од чл.260 од КЗ и други кривични дела.

Така, во извештајната 2022 година на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола биле донесени 119 одлуки со кои се одземени предмети кои се предмет на извршување на кривично дело или настанале од извршување на кривично дело. Меѓу одземените предмети има наркотична дрога - марихуана и кокаин, психотропни супстанции, патнички моторни возила, машини, повеќе товарни моторни возила, запрежни возила, трактори, оружје – пушки, полуавтоматски пиштоли и пиштоли, муниција, експлозивни материи, мобилни телефони, и друго.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола не се донесени пресуди со кои е конфискуван имот.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар во текот на 2022 година врз основа на правосилни пресуди одземени се различни видови наркотични дроги, парични средства, дигитални ваги, мобилни телефони, бесправно изградени објекти, пиштоли, опасно орудие, автоматски и ловни пушки, муниција патнички моторни возила, компјутери, алат, дрвна маса и друго.

Во извештајната година на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар не се донесени пресуди со кои е конфискуван имот.

Во извештајната година на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип судовите донеле одлуки со кои се одземени предмети кои биле предмет на извршување на кривично дело или настанале од истото, во повеќе предмети. Меѓу одземените предмети има наркотична дрога – марихуана, кокаин, хашиш, психотропни супстанции, амфетамини, екстази МДМА, дробилки за дрога, алати, оружје – пушки, ловечки пушки, ловечки патрони, муниција, пиштоли, опасни орудија, експлозивни материи, дрвна маса, парични средства, мобилни телефони, петарди, лаптоп, компјутер, монитор и 13 бронзени монети и друго.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип мерка конфискација е изречена вкупно против 17 лица и тоа: на подрачјето на Основниот суд Струмица со пресуди на овој суд за кривично дело Бесправно градење од чл.244а од 16 лица конфискувани се повеќе бесправно изградени објекти и за едно кривично дело Даночно затајување од чл.247 од КЗ од едно лице конфискувани се 33.013.777,00 денари.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје во текот на 2022 година биле донесени вкупно 226 одлуки со кои се одземени предмети кои биле предмет на извршување на кривично дело или настанале од извршување на кривични дела. Меѓу одземените предмети на ова подрачје има товарни моторни возила, патнички моторни возила, огревно дрво, алат, златни плочки, златен накит, опасно орудие, наркотична дрога - марихуана, кокаин и хашиш, хероин, дигитални ваги, психотропни супстанции - амфетамин, МДМА, метафетамин, парични средства, оружје - пиштоли, ловни пушки, автоматски пушки, полуавтоматски пиштоли, полуавтоматски пушки, артилериска граната, детонаторски каписли, експлозив, шаржери, маневарски куршуми, панцирно пробивни куршуми, муниција, пневматско оружје, куќи, деловни објекти, гаража, викенд куќа, градби, објекти, стари монети, парични средства, автоделови, компјутери, мобилни телефони, петарди, моторни пили, поголема количина на спротска опрема и друго.

Во 2022 година мерката конфискација на имот, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје, е изречена со две пресуди на Основен суд Велес за две лица за кривични дела Тешка кражба од чл.236 ст.5 од КЗ и за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.4 в.в.

ст.3 в.в. ст.1 од КЗ, при што е конфискувана имотна корист во вкупен износ од 10.247.141,00 денари во корист на државата.

Во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција по поднесени обвиненија за 2022 година, согласно законските одредби со пресуди се одземени предмети со кои е извршено кривичното дело или произлегуваат од него и парични средства од вкупно 167 лица и тоа: 255 мобилни телефони, 70 патнички моторни возила, 14 товарни моторни возила, наркотична дрога во вкупна вредност од 380.858,52 денари, парични средства во износ од 1.521.446,00 денари и 71.795 евра, 2.400 долари и други, потоа оружје и муниција, златен накит, монети, лаптопи и друго.

Во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција мерка конфискација е изречена вкупно против 21 физичко лице и 6 правни лица и одземени се парични средства, патничко моторно возило, градежни земјишта, станови, деловни простории, хартии од вредност, апартмани, земјишта, во вкупна вредност од 28.508.584 евра.

Евидентно и од статистиката, јавните обвинителства се соочуваат со одредени проблеми кои ја отежнуваат конфискацијата и одземањето на противправно стекнатиот имот.

Со цел зголемување на ефектот од конфискацијата, во соработка со Германското друштво за интернационална соработка - ГИЗ и проектот за подршка на финансиските истраги што го спроведува Центарот за европска перспектива во рамките на програмата за развојна стратегија финансирана од Република Словенија, во финална подготовка се стандардни оперативни процедури кои треба во детали да го разработат системот на водење на финансиските истраги, како алатка за откривање на имотот и имотната корист кои произлегуваат од кривично дело. Кон овие стандардни оперативни процедури ќе бидат должни да се придржуваат сите јавни обвинители, но и припадниците на правосудната полиција задолжени за спроведување на финансиските истраги.

Дополнително, Јавното обвинителство со Министерството за правда веќе започна разговори за можни законски измени со кои ќе се зголеми опфатот на финансиските истраги и ќе се предвиди можност за проширената конфискација за сите кривични дела кои носат имотна корист, а за кои е предвидена затворска казна од 4 години.

# 5. ПРАВНИ ЛЕКОВИ

## 5.1. Редовен правен лек - Жалба

Согласно Законот за кривичната постапка, против решенијата на основните јавни обвинители со кои се отфрла кривичната пријава, дозволена е жалба до повисокиот јавен обвинител.

Вишите јавни обвинителства во извештајниот период од 2022 година, постапувале по **2.007 изјавени жалби од оштетените против решенија за отфрлање на кривичните пријави,** согласно чл.288 ст.5 од ЗКП. Од вкупниот број на изјавени жалби, во 1.443 случаи се потврдени првостепените решенија на основниот јавен обвинител (71,9%), уважени се 503 жалби (25%), 13 жалби се отфрлени како ненавремени (0,7%) и 34 жалби (1,7%) биле недозволени. По 14 (7 жалби во ВЈО Битола и 7 во ВЈО Скопје), до крајот на извештајната година не била донесена одлука (0,7%).

| | **Вкупно** | **Уважени** | **Одбиени** | **Недозволени** | **Ненавремени** | **Нерешени** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВЈО Скопје** | 1.251 | 324 | 897 | 19 | 4 | 7 |
| **ВЈО Битола** | 368 | 86 | 265 | 6 | 4 | 7 |
| **ВЈО Штип** | 233 | 54 | 167 | 7 | 5 | / |
| **ВЈО Гостивар** | 155 | 39 | 114 | 2 | / | / |
| **Вкупно** | **2.007** | **503** | **1.443** | **34** | **13** | **14** |

*VIII.5.1.1. Табела на одлуки по жалби за решенија за отфрлање на кривични пријави по подрачја на виши обвинителства*

Вишите јавни обвинителства во 2022 година постапувале по вкупно **5.289 изјавени жалби на првостепените пресуди**, што е благо намалување споредбено со 2021 година, кога постапувале по 5.321 изјавени жалби.




*VIII.5.1.2 Графички приказ на жалби на првостепените пресуди по подносител*

Од разбирливи причини, најголем е бројот на поднесените жалби од обвинетите, кои се незадоволни од првостепените пресуди и бараат преиспитување на одлуката во втор степен.

Следува преглед на постапките по изјавените жалби од вишите јавни обвинителства:

**- Вишо јавно обвинителство Скопје**

Во текот на 2022 година Вишото јавно обвинителство Скопје постапувало по 2.729 изјавени жалби, против одлуките на првостепените судови.

| ПОДНОСИТЕЛИ НА ЖАЛБИ (ВЈО Скопје) | | | |
|---|---|---|---|
| Јавен обвинител | Обвинет | Оштетен | ВКУПНО |
| 650 | 1980 | 99 | 2.729 |

Вишите јавни обвинители во Скопје во 1.246 случаи дале предлог по обвинителен акт, односно во редовна жалбена постапка и во 909 случаи по обвинителен предлог, односно во скратена постапка.

Во текот на 2022 година вишите јавни обвинители во 18 случаи се откажале од изјавените жалби на основните јавни обвинители. Иако се забележува зголемување на бројот на жалбите од кои се откажал јавниот обвинител во споредба со 2021 година, сепак и во извештајниот период, особено ако се има предвид вкупниот број на поднесени жалби од страна на основните јавни обвинителства, откажувањето од жалбите е незначително. Ова зборува во прилог дека основните јавни обвинителства во најголем број случаи поднеле основани жалби.

Апелациониот суд Скопје до крајот на извештајната година донел одлука за 986 лица, додека за 1.237 лица не донел одлуки. Во 71% од случаите или во постапките за 702 лица, одлуките на Апелациониот суд се совпаѓаат со

предлогот на јавниот обвинител. Високиот процент на одлуки на Апелациониот суд Скопје кои се совпаѓаат со предлогот на јавниот обвинител дополнително укажува на високиот степен на стручност, одговорност и квалитет во вршењето на јавнообвинителската функција во постапките пред второстепениот суд.

Во текот на 2022 година јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје учествувале на 370 јавни седници одржани пред Апелациониот суд, од кои само на 3 јавни седници е изменет писмениот предлог на јавниот обвинител.

Освен ова, во извештајната година, Апелациониот суд Скопје согласно чл.424 од ЗКП одржал расправи пред Советот на овој суд за вкупно 4 предмети, на кои присуствувал јавниот обвинител од Вишото јавно обвинителство Скопје.

**- Вишо јавно обвинителство Битола**

Во текот на 2022 година во Вишото јавно обвинителство Битола биле изјавени вкупно 848 жалби против првостепените пресуди.

| ПОДНОСИТЕЛИ НА ЖАЛБИ (ВЈО Битола) | | | |
|---|---|---|---|
| Јавен обвинител | Обвинет | Оштетен | ВКУПНО |
| 243 | 585 | 20 | 848 |

Од вкупно изјавените жалби, јавниот обвинител предложил 554 да се одбијат како неосновани, во 276 случаи целосно или делумно да се уважат жалбите, да се отфрлат како недозволени или неблаговремени во 12 случаи, а во 6 случаи не е даден предлог.

Во текот на 2022 година вишите јавни обвинители од Вишото јавно обвинителство Битола учествувале на 30 јавни седници, како и на 6 одржани расправи пред Апелациониот суд Битола.

Во текот на 2022 година, Вишиот јавен обвинител во 293 случаи дал предлог по обвинителен акт, а во 555 по обвинителен предлог.

Апелациониот суд Битола одлучил за вкупно 777 лица, а 78,6% од одлуките се совпаѓаат со предлогот на јавниот обвинител.

**- Вишо јавно обвинителство Штип**

Во 2022 година Вишото јавно обвинителство Штип постапувало по 650 изјавени жалби изјавени против одлуките на првостепените судови.

| ПОДНОСИТЕЛИ НА ЖАЛБИ (ВЈО Штип) | | | |
|---|---|---|---|
| Јавен обвинител | Обвинет | Оштетен | ВКУПНО |
| 196 | 444 | 10 | 650 |

Во текот на извештајниот период, нема случај во кој Вишото јавно обвинителство Штип се откажало од жалба, што е потврда за посветеноста на јавните обвинители да останат на ставот на обвинителството во поглед на кривичниот прогон на сторителите на кривични дела.

Од вкупните 650 изјавени жалби, Вишото јавно обвинителство Штип во 199 случаи дало предлог да се уважи жалбата, во 410 случаи предлог жалбата да се одбие, во 1 случај даден е предлог за делумно уважување на жалбата, додека пак во 21 случаи јавниот обвинител не се произнесол со предлог, а во 19 случаи дал предлог жалбата да се отфрли како ненавремена или недозволена.

Вишото јавно обвинителство од Штип учествувало на 69 јавни седници пред Апелациониот суд Штип на кои не е изменет ниту еден од поднесените писмени предлози од обвинителството. Во текот на 2022 година Апелациониот суд согласно чл.424 од ЗКП одржал главни расправи пред советот на второстепениот суд за 5 предмети на кои присуствувал јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство Штип.

Вишото јавно обвинителство Штип во текот на извештајниот период во 278 случаи постапувало по обвинителни акти, а во 372 случаи дало предлог по обвинителни предлози.

Апелациониот суд Штип по изјавени жалби донел одлуки против вкупно 592 лица, од кои за 480 лица или 76,3% одлуките се идентични со предлозите на Вишото јавно обвинителство Штип.

**- Вишо јавно обвинителство Гостивар**

Во текот на извештајниот период, Вишото јавно обвинителство Гостивар постапувало по изјавени жалби против 1062 лица.

| ПОДНОСИТЕЛИ НА ЖАЛБИ (ВЈО Гостивар) | | | |
|---|---|---|---|
| Јавен обвинител | Обвинет | Оштетен | ВКУПНО |
| 503 | 518 | 41 | 1.062 |

За одбележување на подрачјето на ова обвинителство е што бројот на поднесени жалби на првостепените пресуди од основните јавни обвинители е речиси идентичен со оној на поднесени жалби од обвинетите, што упатува на поголемо незадоволство на јавните обвинители од ова подрачје од одлуките на првостепените судови.

Во 678 случаи жалбите се однесувале на пресуди донесени по обвинителни предлози, а во 376 по обвинителни акти.

По 375 изјавени жалби е даден предлог жалбата да се уважи, по 597 даден е предлог да се одбијат жалбите, по 3 изјавени жалби даден е предлог за нивно делумно уважување, во 32 случаи е предложено отфрлање на жалбата како ненавремена или недозволена, против 47 случаи дадени се предлози да вложените жалби се безпредметни, а во 1 случаи не е даден предлог. Во 7 случаи јавниот обвинител се откажал од жалба.

Одлуките на Апелациониот суд во Гостивар биле идентични со предлозите на Вишото обвинителство во 61,75% од решените случаи, што е далеку понизок процент во однос на другите апелациски подрачја.

Јавните обвинители на Вишото јавно обвинителство во Гостивар учествувале на 105 јавни седници пред советите на Апелациониот суд Гостивар.

### 5.2 Вонредни правни лекови

#### а) Во кривична постапка

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во текот на 2022 година, примило **193 иницијативи за поднесување на барање за заштита на законитост**. Од вкупниот број иницијативи, 170 се однесуваат на кривичната постапка и 23 на прекршочната постапка.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во текот на извештајниот период решило 126 иницијативи. Позитивно се решени, односно **прифатени се 11 иницијативи** по кои е поднесено барање за заштита на законитоста пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, од кои 10 барања се однесуваат на кривични, додека пак 1 барање се однесува на прекршочен предмет.

Не се прифатени поднесени 115 иницијативи, од кои 101 предмети биле од кривична, а 14 иницијативи од прекршочна област.

Од поднесените иницијативи до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 67 останале во работа на крајот на извештајниот период.

Во 2022 година, јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија учествувале на јавни седници пред Врховниот суд во жалбена постапка по обжалени пресуди на второстепениот суд како и по обжалени решенија за определена мерка за обезбедување.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во извештајната година постапувало и по 175 предмети по Барање за вонредно преиспитување на правосилна судска пресуда и по 18 предмети од организиран криминал. Исто така, постапувано е по 13 предмети по барање за вонредно ублажување на казната и по 68 предмети по жалба на второстепната пресуда или решение. По сите овие барања Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, се произнело со дадени образложени одговори.

**б) Во Управно-судска и управна постапка**

Според Законот за управните спорови, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија има овластување пред Врховниот суд на Република Северна Македонија да поднесе барање за заштита на законитоста против одлука на Управниот суд донесена по тужба за повторување на постапката.

Во извештајната 2022 година примени се вкупно 5 иницијативи за подигање на Барање за заштита на законитоста по овој основ. Од нив 2 се одбиени, а по 3 се постапува до крајот на извештајниот период.

Согласно тоа, во текот на 2022 година Јавниот обвинител на Република Северна Македонија нема поднесено барање за заштита на законитоста од Управно судска постапка.

# В. СТРУКТУРА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

## IX. СТРУКТУРА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

Во овој дел од Извештајот се изложуваат податоци за обемот на криминалитетот спрема структурата на кривичните дела по поодделни глави од Кривичниот законик, со споредбена анализа со податоците од 2022 година.

Овие податоци укажуваат на тенденциите и потребата од системски решенија за превентивно делување против конкретни видови на криминал, што е од значење за планирање на казнената политика и одмерувањето на кривичните санкции.

### 1. Тенденции на криминалот

| КРИВИЧНО ДЕЛО | пријавени лица | | обвиненија | | Пресуди | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2021 | 2022 | 2021 | 2022 |
| **Глава XIV од КЗ - Кривични дела против животот и телото** | **1.331** | **1.543** | **734** | **515** | **564** | **586** |
| - Убиство чл.123 ст.1 | 18 | 36 | 13 | 21 | 12 | 5 |
| - Убиство чл.123 ст.2 | 12 | 8 | 5 | 9 | 4 | 6 |
| - Убиствоt во обид | 33 | 30 | 16 | 12 | 5 | 16 |
| -Убиство на миг чл.125 | / | / | / | 1 | 3 | / |
| -Убиство од небрежност чл.126 | 5 | / | 1 | / | 2 | / |
| - Тешка телесна повреда чл.131 | 271 | 231 | 205 | 142 | 146 | 173 |
| -Останати кр.дела. | 992 | 1.238 | 494 | 330 | 392 | 386 |
| | | | | | | |
| **Глава XV од КЗ- Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | **959** | **1.070** | **474** | **473** | **483** | **397** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -Противправно лишување од слобода чл.140 | 39 | 32 | 2 | 20 | 30 | 21 |
| -Грабнување чл.141 | 10 | 20 | 3 | 9 | 2 | / |
| -Останати кр.дела | 910 | 1018 | 469 | 444 | 451 | 376 |
| | | | | | | |
| **Глава XVI од КЗ- Кривични дела против изборите и гласањето** | **88** | **6** | **14** | **2** | **11** | **4** |
| -Повреда на слободата на определување на избирачите чл.160 | 3 | / | / | / | / | / |
| -Поткуп при избори и гласање чл.162 | 15 | 1 | 9 | / | 5 | / |
| -Уништување на изборен материјал чл.164 | 5 | / | / | 1 | / | 1 |
| -Останати кр.дела | 65 | 5 | 5 | 1 | 6 | 3 |
| | | | | | | |
| **Глава XVII од КЗ- Кривични дела против работните односи** | **68** | **82** | **27** | **20** | **18** | **31** |
| | | | | | | |
| **Глава XVIII од КЗ- Кривични дела против честа и угледот** | **13** | **5** | **4** | **1** | **4** | / |
| | | | | | | |
| **Глава XIX од КЗ – Кривични дела против половата слобода и половиот морал** | **109** | **100** | **70** | **67** | **62** | **57** |
| -Силување чл.186 | 37 | 32 | 12 | 15 | 18 | 7 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -Полов напад врз дете кое не наполнил 14 години чл.188 | 25 | 29 | 13 | 22 | 18 | 19 |
| -Посредување во вршење проституција чл.191 | / | 1 | 1 | / | / | / |
| -Прикажување на порнографски материјал на дете чл.193 | 5 | 1 | 2 | 2 | / | 3 |
| -Останати кр.дела | 42 | 37 | 42 | 28 | 26 | 28 |
| | | | | | | |
| **Глава XX од КЗ - Кривични дела против бракот, семејството и младината** | **690** | **491** | **474** | **327** | **515** | **358** |
| | | | | | | |
| **Глава XXI од КЗ – Кривични дела против здравјето на луѓето** | **4136** | **1399** | **3177** | **992** | **3874** | **1284** |
| Неовластено производсво и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори - чл.215 | 781 | 752 | 481 | 457 | 575 | 455 |
| | | | | | | |
| **Глава XXII од КЗ- Кривични дела против животната средина и природата** | **278** | **300** | **115** | **152** | **126** | **95** |
| -Тешки дела против животната средина и природата чл.234 | / | / | / | / | 22 | / |
| | | | | | | |
| **Глава XXIII од КЗ- Кривични дела против имотот** | **4744** | **5053** | **3060** | **3283** | **3143** | **2864** |
| -Кражба чл.235 став 1 | 965 | 1121 | 732 | 849 | 827 | 764 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -Тешка кражба чл.236 | 1424 | 1586 | 1184 | 1377 | 1220 | 1235 |
| -Разбојништво чл.237 | 123 | 111 | 79 | 83 | 82 | 77 |
| -Разбојничка кражба чл.238 | 26 | 30 | 15 | 28 | 14 | 12 |
| -Измама на штета на средства на Европската заедница чл.249-а | 1 | 2 | / | / | / | / |
| -Неовластено примање на подароци чл.253 | 3 | / | / | / | / | / |
| -Неовластено давање на подароци чл.253-а | / | / | / | / | / | |
| -Изнуда чл. 258 | 39 | 39 | 12 | 9 | 9 | 10 |
| -Останати кр.дела | 2163 | 2164 | 1038 | 937 | 991 | 766 |
| | | | | | | |
| **Глава XXIV од КЗ-Кривични дела против културното наследство и природните реткости** | **4** | **8** | **3** | **6** | **11** | **4** |
| Оштетување и уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости чл.264 | 1 | / | / | / | / | / |
| --Изнесување односно извезување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости чл.266 | / | 2 | / | 1 | 3 | 1 |
| -Останати кр.дела | 3 | 6 | 3 | 5 | 8 | 3 |
| | | | | | | |
| **Глава XXV од КЗ - Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанство** | **522** | **651** | **409** | **341** | **345** | **294** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -Фалсификување пари чл.268 | 39 | 35 | 24 | 16 | 25 | 16 |
| -Перење пари и други приноси од казниво дело чл.273 | 29 | 40 | 13 | 4 | 3 | 11 |
| -Незаконито постапување на овластен ревизор чл.275-б | / | / | / | / | / | / |
| -Злоупотреба на постапка за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство чл.275-в | 15 | 16 | / | 1 | / | / |
| - Криумчарење чл.278 | 27 | 28 | 17 | 19 | 16 | 17 |
| - Даночно затајување чл.279 | 178 | 154 | 120 | 69 | 73 | 46 |
| -Останати кр.дела | 234 | 378 | 235 | 232 | 228 | 204 |
| | | | | | | |
| **Глава XXVI од КЗ – Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот** | **323** | **312** | **185** | **170** | **151** | **156** |
| | | | | | | |
| **Глава XXVII од КЗ – Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | **3103** | **3286** | **1625** | **1832** | **1792** | **1829** |
| -Тешки дела против безбед-<br>носта на луѓето и имотот во сообраќајот чл.300 | 487 | 539 | **332** | 329 | 388 | 322 |
| -Останати кр.дела | 2616 | 2747 | **1293** | 1503 | 1404 | 1507 |
| | | | | | | |
| **Глава XXVIII од КЗ- Кривични дела против државата** | **18** | **10** | **2** | **1** | **4** | **4** |
| -Вооружен бунт чл.312 | / | / | / | / | / | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -Предизивикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа чл.319 | 8 | 9 | 2 | / | 1 | 3 |
| -Здружување заради непријателска дејност чл.324 | / | 1 | / | 1 | / | / |
| -Останати кр.дела | 10 | / | / | / | 3 | / |
| | | | | | | |
| **Глава XXIX од КЗ- Кривични дела против вооружените сили** | **2** | **4** | **1** | **2** | **1** | **1** |
| -Напад врз воено лице во вршењето на службата чл.333 | / | / | / | 1 | / | 1 |
| | | | | | | |
| **Глава XXX од КЗ - Кривични дела против службената должност** | **1730** | **1557** | **266** | **217** | **208** | **155** |
| -Злоупотреба на службената положба и овластување чл.353 | 1391 | 1221 | 200 | 151 | 133 | 95 |
| -Несовесно работење во службата чл.353-в | 186 | 199 | 20 | 21 | 20 | 16 |
| -Проневера во службата чл.354 | 9 | 24 | 2 | 6 | 3 | 10 |
| -Измама во службата чл.355 | 4 | 7 | / | 1 | / | / |
| -Послужување во службата чл.356 | 3 | 1 | 1 | 1 | 3 | 2 |
| - Примање поткуп чл.357 | 17 | 23 | 5 | 9 | 6 | 2 |
| -Давање поткуп чл.358 | 10 | 5 | 1 | 5 | 1 | 6 |
| -Давање награда за противзаконито влијание чл.358-а | / | 1 | / | / | / | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -Примање награда за противзаконито влијание чл.359 | 20 | 3 | 2 | / | / | / |
| -Противзаконито стекнување и прикривање имот чл.259-а | 2 | 5 | 3 | / | 2 | 3 |
| -Фалсификување службена исправа чл.361 | 27 | 27 | 11 | 11 | 3 | 9 |
| -Противзаконита наплата и исплата чл.362 | / | 3 | / | / | / | / |
| -останати кр.дела | 61 | 38 | 21 | 12 | 32 | 12 |
| | | | | | | |
| **Глава XXXI од КЗ – Кривични дела против правосудството** | **446** | **522** | **141** | **199** | **128** | **146** |
| -Неизвршување на судска одлука чл.377 | 109 | 153 | 49 | 69 | 34 | 59 |
| -Останати кр.дела | 337 | 369 | 92 | 130 | 94 | 87 |
| | | | | | | |
| **Глава XXXII од КЗ – Кривични дела против правниот сообраќај** | **774** | **645** | **608** | **384** | **482** | **421** |
| -Фалсификување исправа чл.378 | 664 | 565 | 553 | 332 | 449 | 358 |
| | | | | | | |
| **Глава XXXIII од КЗ – Кривични дела против јавниот ред** | **1522** | **1619** | **896** | **1009** | **904** | **849** |
| -Спречување службено лице во вршење службено дејствие чл.382 | 123 | 114 | 106 | 92 | 94 | 70 |
| - Насилство чл.386 | 735 | 871 | 392 | 522 | 398 | 418 |
| -Недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи чл.396 | 175 | 183 | 119 | 114 | 130 | 137 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -Останати кр.дела | 489 | 451 | 279 | 281 | 282 | 224 |
| | | | | | | |
| **Глава XXXIV од КЗ- Кривични дела против човечноста и меѓународното право** | **97** | **156** | **59** | **138** | **37** | **51** |
| | | | | | | |
| **Кривични дела по посебни закони** | **24** | **9** | **19** | **7** | **13** | **6** |
| | | | | | | |

*IX.1 Табела – статистички преглед на структура и тенденции на кривични дела по глави од Кривичниот законик (2021-2022)*

*Анализа на структурата на криминалитет:*

Согласно статистичките податоци од постапувањето на јавните обвинителства, во 2022 година најзабележително е намалувањето на бројот на пријави за кривичните дела од **Глава XXI од КЗ – Кривични дела против здравјето на луѓето.** Ова се одразува на вкупните бројки на постапување на обвинителствата, а се должи пред се на прекинатиот прилив на предмети за кривични дела - Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија чл.206 и Пренесување заразна болест од чл.205, по кои зачестено се постапуваше за време на КОВИД пандемијата. Во оваа глава, од истите причини се забележува намалување и на бројот на поднесени обвиненија и на изречени пресуди и тоа за околу 2/3 во споредба со 2021.

Притоа, во истата глава, кај останатите кривични дела (на пример - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори - чл.215) не е регистрирано намалување, односно се задржува речиси истото ниво на кривични пријави, обвиненија и пресуди. Кога станува збор, пак, за ова кривично дело, треба да се нагласи дека обвинителството во текот на извештајната година водеше и повеќе постапки за кривични дела согласно ставот 3 од овој член, со кои беа опфатени меѓународни организирани групи за трговија со дрога. Организираните криминални групи брзо ги приспособуваат своите начини на извршување на делото и го искористуваат напредокот во технологијата за трговија со дрога. Поради сериозноста и вклученоста на голем број лица во овој вид криминал, најчесто како мерки за негово откривање се користат посебни истражни мерки.

Од друга страна, пак, во извештајната година е забележано зголемување на бројот на кривични пријави и постапки за дела од Глава XIV од КЗ - Кривични дела против животот и телото, каде влегуваат убиства, тешки телесни и телесни повреди, учество во тепачки, загрозување со опасно орудие при тепачка и караница и други, за што причините веројатно се многубројни, но дел повторно се резултат на нарушени социјални и семејни односи за време и по пандемијата. Потврда за тоа е фактот што значителен дел од постапките за убиства и телесни повреди се однесуваат на квалификаторни облици на делата, бидејќи биле сторени при вршење семејно насилство.

И во **Глава XXXIII од КЗ – Кривични дела против јавниот ред** се забележува зголемување на бројот на поднесени пријави и поднесени обвиненија, и тоа најмногу како резултат на растот на бројот на постапките водени за кривичното дело Насилство од чл.386.

Во текот на 2022 година се забележува зачестување на постапките за кривични дела од Глава XXIII од КЗ - Кривични дела против имотот, особено одразено преку зголемување на бројот на кривични пријави за делата - Кражба од чл.235, Тешка кражба од чл.236 и Разбојничка кражба од чл.238.

Како тенденција која продолжува и од претходниот период, и во текот на 2022 година се забележува раст на постапките по кривични дела од Глава XXVII од КЗ – Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај, и тоа особено на застапеноста на Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот чл.300, што упатува на потреба во иднина да се размислува за поострување на казнената политика во овој дел, со цел да се влијае на генерална превенција.

Анализирајќи ги податоците за постапките по кривични дела од Глава XXV од КЗ - Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, може да се забележи зголемување на вкупниот број на примени кривични пријави и предмети во работа. Но, анализирајќи ги пријавите, се заклучува дека едно од најчестите кривични дела од оваа глава е Даночно затајување од чл.279, но исто така и бројот на предмети за кривичното дело - Перење пари и други приноси од казниво дело чл.273 е речиси удвоен во споредба со 2021 година. Во поглед на ова кривично дело, треба да се има предвид дека јавните обвинители во истражната постапка се должни да го докажат предикативното дело, бидејќи без негово докажување нема услови за кривично гонење за кривично дело перење пари и други приноси од казниво дело. Токму предикативното дело во пракса прави најмногу проблеми во однос на неговото докажување, па истражната постапка трае долго, особено ако се има предвид дека методите и техниките низ кои се одвиваат дејствијата на перење пари се поусовршени од методите што им стојат на располагање на органите на

прогон. Меѓутоа, со оглед на растот на бројот на предмети за ова кривично дело, јасна е посветеноста на обвинителството да обезбеди ефикасен кривичен прогон.

Во Глава XXX од КЗ - Кривични дела против службената должност има незначително намалување на бројот на примени кривични пријави, што се должи пред се на пријавите поднесени за кривично дело - Злоупотреба на службената положба и овластување чл.353. Меѓутоа, мора да се истакне дека во текот на 2022 година со несмален интензитет биле пријавите и постапките за ставот 5 од овој член, кој се однесува на злоупотреба извршена при јавни набавки, а зголемување е регистрирано и кај бројот на предмети за кривичните дела - Несовесно работење во службата чл.353-в, Проневера во службата чл.354, Примање поткуп чл.357 и Противзаконито стекнување и прикривање имот од чл.259-а. Јавното обвинителство и во следниот период ќе продолжи интензивно да постапува по овие коруптивни кривични дела, но и по сите други кривични дела кои може да бидат извршени со корупција и чиј начин, мотив на извршување и штетата, може да ги карактеризираат како коруптивно дело.

Вкупниот број на предмети за кривичните дела од Глава XV од КЗ-Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот исто така покажува зголемување. Меѓу овие кривични дела е и Малтретирање во вршење на службата од чл. 143 кое опфаќа голем дел од постапките кои се водат во Специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Но, во истата оваа глава се опфатени и делата - Загрозување на сигурноста од чл.144, Противзаконито вршење претрес од чл.146, Злоупотреба на лични податоци од чл.149, Повреда на правото на штрајк од чл.146, Повреда на авторско право и сродни права чл.157 и други, а зголемениот вкупен број на пријави за овие дела укажува на поголемата свест и потреба на граѓаните да бараат кривично правна заштита на нарушувањето на личните права и слободи.

Бројот на кривични пријави за кривични дела од Глава XXXIV од КЗ - Кривични дела против човечноста и меѓународното право во 2022 година се зголемил речиси за двојно, а бројот на обвиненија – за 2,5 пати во однос на 2021 година. Зголемувањето се должи најмногу на постапките по кривичните дела – Трговија со луѓе чл.418-а, Криумчарење на мигранти чл.418-б, Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти чл. 418-в и Трговија со малолетно лице чл. 418-г. Растот на бројот на постапките за вакви кривични дела е потврда за посветеноста на Јавното обвинителство да ги спречи овие облици на криминал во кои жртви се и особено ранливи категории граѓани и малолетни лица, а кои често добиваат и меѓународна димензија.

Во споредба со 2021 година, во извештајната година двојно е зголемен бројот на постапки и за кривичните дела од Глава XXIV од КЗ - Кривични дела против културното наследство и природните реткости.

Со оглед на тоа што во 2022 година не беше организиран изборен процес, разбирливо е што се забележува намалување на кривичните дела од Глава XVI од КЗ-Кривични дела против изборите и гласањето. Од друга страна, пак, во Глава XXXI од КЗ – Кривични дела против правосудството, се забележува раст и тоа е очигледно одразено и преку кривичното дело Фалсификување исправа од чл.378 за кое бројот на поднесени пријави во 2022 се зголемил за околу 50% во однос на 2021 година.

Кога станува збор за кривични дела од Глава XXII од КЗ - Кривични дела против животната средина и природата се забележува одреден раст на бројот на поднесени кривични пријави, водени постапки и поднесени обвиненија, што упатува на зголемување на свеста кај граѓаните за пријава на дела кои ја засегаат заштита на животната средина. Меѓутоа, и во текот на 2022, како и во претходната 2021 година, до обвинителството не е поднесена ниту една пријава за Тешки дела против животната средина и природата од чл.234.

# Г. ЗАКЛУЧОК

Презентираните статистички податоци и нивната анализа во Годишниот извештај за 2022 година потврдуваат дека Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, вишите јавни обвинителства, основните јавни обвинителства и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, своите функции ги вршат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, ажурно и стручно ја извршуваа својата работа, совладувајќи го приливот на нови кривични пријави и обезбедувајќи кривичен прогон на територијата на државата и за сите кривични дела.

I.

1. Во извештајната година биле примени пријави против 19.934 познати сторители на кривични дела[3] и заедно со пренесените 13.421 незавршени предмети од 2021 година јавните обвинители постапувале по вкупно 33.355 предмети против познати сторители, што пак покажува дека секој јавен обвинител во основно јавно обвинителство во текот на годината просечно имал во работа околу 192 предмети. Оваа бројка во одредени обвинителства, со оглед на нивната надлежност, е и значително поголема. Притоа, мора да се има предвид дека за секој предмет поединечно потребно е да се преземат повеќе дејствија и да се обезбедат докази неопходни за да се испита кривичната одговорност. Покрај тоа, обвинителите согласно Законот остваруваат и други задачи – дежурства, учество на вештачења, судења, изготвуваат обвинителски одлуки, жалби и повеќе други акти.

2. Со значително намален број јавни обвинители (недостигаат една третина од систематизираните места за јавни обвинители), нецелосно пополнета јавнообвинителска служба и недоволни финансиски средства за работа, обвинителствата и во 2022 година успеаја да го совладаат приливот на нови кривични пријави, и да го намалат бројот на нерешени предмети. Односно, во извештајната година решени се кривични пријави против 19.855 полнолетни лица (61,6%), а на крајот на годината кај други органи или кај јавните обвинители останале во работа 12.379 кривични пријави (38,4%) против полнолетни лица. Покрај тоа, од кривичните пријави против 1.121 дете обвинителствата во годината решиле предмети против 989 (88,2%), а останале нерешени спрема 132 (11,8%) деца. Овие податоци неспорно потврдуваат дека и со намалени човечки ресурси, со добра организација, не само што е совладан приливот на нови предмети, туку е намален заостатокот на нерешените.

3. Одлучувајќи по предметите, основните јавни обвинители поднеле обвинителни предлози против 4.829 (24,3%) лица, предлози за казнен налог против

[3] Покрај нив, во текот на годината примени се и кривични пријави против 7.911 непознати сторители на кривични дела, кои во овој извештај не се анализираат.

4.458 (22,5%) лица, од донесените 1.397 наредби за спроведување истрага против 1.087 лица поднесени се обвинителни акти, предлог спогодба во скратена постапка поднесена е против 114 (0,6%) лица, против 849 (4,3%) лица пријавите се решени на друг начин, а против 8.207 (41,3%) лица пријавите се отфрлени врз основа на член 288 од Законот за кривичната постапка и од други причини. Покрај тоа, спрема 600 (60,7%) деца поднесени се барања за подготвителна постапка, спрема 5 деца поднесен е директен предлог за санкција и спрема 353 деца (35,7%) кривичните пријави се отфрлени.

Од надлежните судови биле донесени пресуди против вкупно 10.680 лица, од кои за 9.577 пресудите биле осудителни врз основа на поднесеното обвинение.

4. Во текот на целокупната постапка, јавните обвинители се грижеа за почитување на правата и на оштетените, но и на осомничените и на обвинетите. Така, мерка притвор беше побарана само за 3,2% од сторителите на кривични дела и само тогаш кога таа беше единствен начин за да се обезбеди натамошното непречено одвивање на кривичната постапка.

5. Посебни истражни мерки, исто така, се применуваа согласно закон, во строго определени случаи, само онаму каде што беше веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, а кои на друг начин не можеа да се соберат. Така во основните јавни обвинителства во Република Северна Македонија во текот на 2022 година беа применети посебни истражни мерки од чл.252 од ЗКП во вкупно 53 случаи против 413 лица со утврден идентитет, 2 лица со неутврден идентитет и 136 предмети на кривично дело. Примената на овие мерки е образложена и во посебен извештај, меѓутоа значајно е дека во текот на 2022 година постои намалување на бројот на случаи во кои биле спроведени посебни истражни мерки, а во исто време бројот на лица со утврден идентитет против кои се применувале вакви мерки е практично удвоен во однос на претходната година.

## II.

Сепак, постапувањето на јавните обвинителства и исполнувањето на уставната и законска функција за гонење на сторителите на кривични дела и на други со закон казниви дела, но и на другите работи утврдени со закон, не може да се анализира без да се земат предвид условите во кои функционираат обвинителствата, нивната материјална, кадровска и техничка екипираност, а кои се предуслов за ефикасен кривичен прогон.

1. Остварувањето на обврската за законито, непристрасно и објективно извршување на функцијата и грижата за ефикасноста на кривичниот прогон и основниот постулат за самостојност на јавното обвинителство во голема мера

зависат од обезбедувањето услови за тоа од законодавната и од извршната власт. Јавното обвинителство и до сега во донесувањето на одлуките не потпаѓало под надворешни влијанија и ја обезбедувало самостојноста.

2. Собранието и Владата на Република Северна Македонија, а особено министерствата за финансии и за правда, согласно член 100 од Законот за јавното обвинителство се должни во Буџетот да обезбедат средства за работа на јавното обвинителство. Но, и покрај тоа што се подобруваат материјалните услови за работа за јавните обвинителства, сепак не е остварена обврската од чл. 101 од Законот за јавното обвинителство, буџетот за буџетскиот корисник - Јавно обвинителство на РСМ да изнесува 0,4% од државниот буџет за тековната година. **Одобрениот буџет за 2022 година повторно изнесува околу половина од барањето, односно 0,22% од државниот буџет.** Потребните финаниски средства е неопходно да се обезбедат за да не се доведе во прашање извршувањето на функцијата и со цел да се овозможи непречена работа на обвинителствата. Во услови на континуиран раст на трошоците по сите основи, од комунални услуги до трошоци поврзани со вештачења и директна примена на Законот за кривична постапка, Буџетот на Јавното обвинителство не ги алиментира овие потреби. Министерството за финансии треба да ги напушти механизмите на контрола на веќе одобрениот буџет и за трошењето на средствата да одлучува и да одговара јавното обвинителство.

Од тие причини, во рамките на стратешките документи за реформа на правосудството кои се изготвуваат, Јавното обвинителство активно ќе се залага за **финансиска независност и самостојност при управувањето со буџетските средства** и е подготвено тоа соодветно да го аргументира. Во таа насока, Јавното обвинителство очекува поддршка од Собранието и од Владата на Република Северна Македонија.

3. При планирањето на буџетските средства неопходно е да се обезбедат финансии не само за редовното работење, туку и за надградување на системот за електронско водење на предметите во Јавното обвинителство, обнова на застарената техничка опрема, набавка на современи системи и софтверски решенија кои ќе им овозможат на јавните обвинители ефикасно извршување на нивните задачи. Постојниот систем за електронско управување со предметите (Case-management system) е веќе застарен и нефункционален, односно не ги задоволува потребите на јавнообвинителското постапување. Преку овој систем треба да биде овозможена и интерконективност со судовите и интероперабилност со другите институции со цел на размена на документи, односно дигитализирање на работните процеси на повисоко ниво, но со постојниот систем тоа не е постигнато. Јавното обвинителство подолго време работи на усовршување на системите и при тоа мора да се нагласи помошта преку проектите или амбасадите на странски држави. Значителни активности се реализирани преку

Канцеларијата на ОПДАТ и Амбасадата на САД. Се разгледуваат можностите за надградба на електронскиот систем или за изработка на нов повторно со помош на странски држави. Покрај тоа, јавното обвинителство успеа да инсталира електронски програми за меѓународна правна помош за одземен имот, а во тек е изработка на програма која ќе го олесни увидот во предметите од страна на раководителите на обвинителствата.

4. Просторните услови во кои работат поголемиот дел од обвинителствата низ државата не ги задоволуваат потребите ниту ги исполнуваат условите за ефикасност на кривичната постапка. Особено е неопходно итно да се реши проблемот со недостиг на соодветен простор за Основното јавно обвинителство Тетово, за што решение може да се бара во преземање дополнителни простории од судската зграда.

5. Мора да се има предвид дека јавните обвинителства континуирано се соочуваат со одлив на кадар, делумно по основ на пензионирање, но и по разни други основи. Ова го засега и бројот на јавни обвинители и бројот на јавнообвинителски службеници, а испразнетите места не се пополнуваат со еднакво темпо. Од тие причини, на одредени јавни обвинителства во државата целосно им е загрозено функционирањето и потребно е итно кадровски да се екипираат. Неопходни се соодветни измени и во Законот за јавнообвинителска служба. За работните места кои се ослободуваат по основ на пензионирање и други основи, а се на неопределено време, со Законот за извршување на Буџетот треба да се предвиди одредба дека во тој случај не е потребна согласност за пополнување од Министерството за финансии, бидејќи за тоа место финансиски средства за плата и други надоместоци во Буџетот веќе биле планирани.

6. Ефикасноста на кривичниот прогон во следниот период ќе зависи и од повеќе законски текстови на кои се работи, а од кои дел веќе се и во собраниска процедура. Јавните обвинители се вклучени и активно даваат свој придонес во изготвувањето на текстовите на нов кривичен законик и нов закон за кривичната постапка. Јавното обвинителство со Министерството за правда веќе го усогласува предлогот за законски измени со кои ќе се зголеми опфатот на финансиските истраги и ќе се предвиди можност за проширена конфискација за сите кривични дела со кои се остварува имотна корист, а за нив е предвидена затворска казна од 4 години. Овие законски измени се клучни за работата на јавните обвинители и неопходно е што поскоро да бидат разгледани и усвоени.

III.

Свесни за намалената довербата на јавноста во правосудството, јавните обвинителства продолжуваат да работат на низа активности со кои во следниот период јавната доверба кон правосудните институции ќе се врати на соодветно ниво. Јавните обвинители се обврзани на одговорен и отчетен однос во сите постапки од интерес на јавноста, а во иднина дополнително ќе се интензивираат активностите во оваа насока. Граѓаните мора да бидат уверени дека во Јавното обвинителство имаат институција која вистински ги штити нивните права и интереси од сите облици на криминал.

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Љубомир Јовески**